РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

ЗАПИСНИК БРОЈ 13

Од 13-та редовна седница на Советот на општина Виница, одржана на ден 22.10.2026 година (четврток), во општинската сала за седници 4-ти кат во зградата на Локалната самоуправа Виница, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и водеше Претседателот на Советот на општина Виница Гоце Василев.

Од 15 советници на Советот на општина Виница, присуствуваа сите 15 и тоа: Гоце Василев, Зоран Стоименов, Кристина Велинова, Орце Христовски, Марина Костов, Имит Скопко, Венцо Вуинов, Кристина Костадиновска, Трајан Сарафимов, Златко Постолов, Драги Анакиев, Звонко Вангелов, Ромео Стоименов, Марија Миланова и Александра Евтимова.

На седницата присуствуваа и следните претставници: Градоначалникот на општина Виница Митко Костадиновски, Раководителот на одделението за финансиски прашања Јулија Манасиева, Раководителот на Секторот за нормативно-правни и општи работи Виолета Михајлова, Раководителот на одделението за инспекциски надзор Гоце Георгиев, Помошник Раководителот на Секторот за комунални и јавни дејности Мирко Ристов, Раководителот на одделението за урбанизам Јована Јанева, директорот на ОУ Дом на културата „Тошо Арсов“-Виница Александра Давиткова, директорот на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“-Виница Верица Атанасова, в.д.директорот на СОУ „Ванчо Прке“-Виница Зоранчо Ангелов и Луиза Алексова од одделението за човечки ресурси.

Пред утврдувањето на Дневниот ред за 13-та редовна седница на Советот, Претседателот на Советот отвори расправа по Записникот од 12-та редовна седница на Советот одржана на ден 22.09.2026 година.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување Записникот од 12-та редовна седница на Советот.

Со 15 гласа ЗА, од присутните 15 советници, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Записникот од 12-та редовна седница на Советот одржана на ден 22.09.2026 година.

За работа на Советот на оваа седница, Претседателот на Советот го предложи следниот:

ПРЕДЛОГ - ДНЕВЕН РЕД

1.Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Виница за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 30.09.2026 година (трет квартал);

2.Квартален извештај за достасани ненамирени обврски на општина Виница за квартал од 01.01.2026 година до 30.09.2026 година (трет квартал);

3.Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и Јавните претпријатија основани од општините (трет квартал);

4.Измена на План на Програми за развој за период од 01.01.2026 до 31.12.2026 година;

5.Предлог-Буџет за изменување и дополнување на буџетот на општина Виница за 2026 година (втор Ребаланс на буџетот);

6.План на Програми за развој за период од 01.01.2027 до 31.12.2027 година;

7.Предлог-Одлука за дополнување на Програма за работа во областа на располагањето за градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Виница за 2026 година;

8.Предлог-Одлука за организирано собирање на кабаст отпад на територијата на Општина Виница;

9.Барање од ООУ „Славчо Стојменски"-Виница за отповикување на претставник во Училишен одбор (Предлог-Решение за разрешување);

10.Барање од ООУ „Славчо Стојменски"-Виница за избор на претставник во Училишен одбор (Предлог-Решение за именување);

11.Барање Согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке" - Виница;

12.Оставка од Снежана Гаврилова од член на Управен одбор на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке"-Виница (Предлог-Решение за разрешување);

13.Предлог-Решение за именување член на Управен одбор на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке"-Виница;

14.Предлог за разрешување и именување на еден претставник од родителите во Управниот одбор на Општинската Јавна установа за деца детска градинка „Гоце Делчев" - Виница (Предлог-Решение за разрешување и именување);

15.Барање од Панче Данев од Виница на финансиска помош поради лоша материјална положба;

16.Барање од Стојанка Воинова од с.Градец, Виница на финансиска помош, за лекување;

17.Барање од Здравка Царева од Виница на финансиска помош, за лекување на дете;

18.Барање од Ванчо Трајков од Виница, за одобрување приклучок на вода;

19.Разгледување и донесување на Одлука по Барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Барателот Драгица Каранфилова од с.Градец, Виница;

20.Разгледување и донесување на Одлука по Барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Барателот Васко Тодоров и Борчо Тодоров од с.Крушево, Виница;

21.Разгледување и донесување на Одлука по Барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Барателот Благојчо Илиев од Виница;

22.Советнички прашања.

Претседателот на Советот Гоце Василев истакна дека ќе има дополнување на Дневниот ред со 9 точки и тоа:

1.Предлог-Одлука за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште, улици и патишта во општина Виница за 2026 година;

2.Предлог-Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план за усогласување на нумерички податоци за Детален урбанистички план за Блок 8, дел 3, плански опфат помеѓу: ул.Плачковички одред, ул.Пролетерска, ул.Кочо Рацин, и новопланирана ул.2008 - Општина Виница, плански период 2010-2015, со тех.бр.86/10 донесен од Совет на Општина Виница со Одлука бр.07-726 од 27.10.2011 год.

3.Предлог-Одлука за давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке"-Виница;

4.Барање Согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2027 година на ОУ Дом на културата „Тошо Арсов"-Виница;

5.Барање од ОУ Дом на културата „Тошо Арсов"-Виница за разрешување член на Управен одбор (Предлог-Решение за разрешување);

6.Барање од Симона Ѓорѓиева Ковачки од Виница на финансиска помош, за лекување во странство;

7.Барање од Билјана Темелкова од Виница на финансиска помош, за лекување;

8.Предлог-Одлука за утврдување на Детален Урбанистички план за дел од Блок 11 во опфат помеѓу ул.„Љупчо Сантов", ул.„Стив Наумов", ул.„Мито Хаџивасилев Јасмин" и крак на ул.„Љупчо Сантов", КО Виница, Општина Виница;

9.Барање Согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2026 година на СОУ „Ванчо Прке“-Виница;

Предложените 8 точки за дополнување на Дневниот ред се разгледани на надлежните Комисии, а 9-та точка Барање Согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2026 година на СОУ „Ванчо Прке“-Виница, не е разгледана на надлежната Комисија бидејќи е предложена непосредно пред одржување на седницата.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, предлогот за дополнување на Дневниот ред со 8 точки на 13-та редовна седница на Советот, кои се разгледани на надлежните Комисии е усвоен.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, предлогот за дополнување на Дневниот ред со точката Барање Согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2026 година на СОУ „Ванчо Прке“-Виница, која не е разгледана на надлежната Комисија бидејќи е предложена непосредно пред одржување на седницата е усвоен.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување следниот предлог Дневен ред за работа на 13-та редовна седница:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1.Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Виница за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 30.09.2026 година (трет квартал);

2.Квартален извештај за достасани ненамирени обврски на општина Виница за квартал од 01.01.2026 година до 30.09.2026 година (трет квартал);

3.Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и Јавните претпријатија основани од општините (трет квартал);

4.Измена на План на Програми за развој за период од 01.01.2026 до 31.12.2026 година;

5.Предлог-Буџет за изменување и дополнување на буџетот на општина Виница за 2026 година (втор Ребаланс на буџетот);

6.План на Програми за развој за период од 01.01.2027 до 31.12.2027 година;

7.Предлог-Одлука за дополнување на Програма за работа во областа на располагањето за градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Виница за 2026 година;

8.Предлог-Одлука за организирано собирање на кабаст отпад на територијата на Општина Виница;

9.Барање од ООУ „Славчо Стојменски“-Виница за отповикување на претставник во Училишен одбор (Предлог-Решение за разрешување);

10.Барање од ООУ „Славчо Стојменски“-Виница за избор на претставник во Училишен одбор (Предлог-Решение за именување);

11.Барање Согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“ - Виница;

12.Оставка од Снежана Гаврилова од член на Управен одбор на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“-Виница (Предлог-Решение за разрешување);

13.Предлог-Решение за именување член на Управен одбор на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“-Виница;

14.Предлог за разрешување на еден претставник од родителите во Управниот одбор на Општинската Јавна установа за деца детска градинка „Гоце Делчев“ - Виница (Предлог-Решение за разрешување);

15.Барање од Панче Данев од Виница на финансиска помош поради лоша материјална положба;

16.Барање од Стојанка Воинова од с.Градец, Виница на финансиска помош, за лекување;

17.Барање од Здравка Царева од Виница на финансиска помош, за лекување на дете;

18.Барање од Ванчо Трајков од Виница, за одобрување приклучок на вода;

19.Разгледување и донесување на Одлука по Барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Барателот Драгица Каранфилова од с.Градец, Виница;

20.Разгледување и донесување на Одлука по Барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Барателот Васко Тодоров и Борчо Тодоров од с.Крушево, Виница;

21.Разгледување и донесување на Одлука по Барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Барателот Благојчо Илиев од Виница;

22.Предлог-Одлука за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште, улици и патишта во општина Виница за 2026 година;

23.Предлог-Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план за усогласување на нумерички податоци за Детален урбанистички план за Блок 8, дел 3, плански опфат помеѓу: ул.Плачковички одред, ул.Пролетерска, ул.Кочо Рацин, и новопланирана ул.2008 - Општина Виница, плански период 2010-2015, со тех.бр.86/10 донесен од Совет на Општина Виница со Одлука бр.07-726 од 27.10.2011 год.

24.Предлог-Одлука за давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке"-Виница;

25.Барање Согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2027 година на ОУ Дом на културата „Тошо Арсов"-Виница;

26.Барање од ОУ Дом на културата „Тошо Арсов"-Виница за разрешување член на Управен одбор (Предлог-Решение за разрешување);

27.Барање од Симона Ѓорѓиева Ковачки од Виница на финансиска помош, за лекување во странство;

28.Барање од Билјана Темелкова од Виница на финансиска помош, за лекување;

29.Предлог-Одлука за утврдување на Детален Урбанистички план за дел од Блок 11 во опфат помеѓу ул.„Љупчо Сантов", ул.„Стив Наумов", ул.„Мито Хаџивасилев Јасмин" и крак на ул.„Љупчо Сантов", КО Виница, Општина Виница;

30.Предлог за именување на еден претставник од родителите во Управниот одбор на Општинската Јавна установа за деца детска градинка „Гоце Делчев" - Виница (Предлог-Решение за именување);

31.Барање Согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2026 година на СОУ „Ванчо Прке"-Виница;

32.Советнички прашања.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои предлог-Дневниот ред за работа на 13-та седница, со дополнување на Дневниот ред со 9 точки.

Најпрво е разгледана 8-та точка од Дневниот ред Предлог-Одлука за организирано собирање на кабаст отпад на територијата на Општина Виница.

Претседателот на Советот му даде збор на претставникот на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата Трајан Сарафимов.

Советникот Трајан Сарафимов како Претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата, истакна: Предлог-Одлуката за собирање на кабаст отпад на територија на општина Виница, Комисијата за урбанизам со предложени измени, ја прифати едногласно. Предлагам и Советот да ја усвои.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 8 од Дневниот ред.

Образложение по точката даде Раководителот на одделението за инспекциски надзор Гоце Георгиев, кој истакна: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседавач, почитувани советници. Честа ми се падна на мене денеска да ја образложам на кратко Предлог-Одлуката за организирање собирање на кабаст отпад на територијата на општина Виница. Додека чекав тука, направив еден список на кратко пред да почнам со образложувањето, на кратко видов дека 9 или 10 видови на отпад општина Виница собира. Можеби сме лидери во Македонија, не во источниот дел на Македонија. Собираме текстил, собираме отпадни

батерии, собираме стакло, собираме пластика, се грижиме за текстилот, со отпадни гуми, електрична и електронска опрема, хартија, секако комунален отпад. Исто така медицинскиот отпад, кој е опасен отпад го собира државата. Недостасуваше и оваа Одлука, со која долги години се мачевме околу собирањето на кабастиот отпад и секој граѓанин се снаоѓаше кој како знае и умее и ни создаваше дополнителни проблеми на Нас како извршни органи, а и на општината, а секако и на граѓаните. Како што рече Претседателот на Комисијата, Предлог-Одлуката вчера на Комисија помина едногласно со дополните, односно дополните се бидејќи во општина Виница имаме два субјекти кои собираат комунален отпад во населеното место. Благодарејќи на советникот Драги Анакиев кој не потсети, беше ненамерно испуштена грешка. Ако сакате би одел член по член, ако не на кратко. Имаме промена измена во член 3 став 3, каде стои ЈП „Солидарност" - Виница, се додава и Јавно комунално претпријатие „Кале" за населено место Блатец. Понатаму и во другите членови каде стои ЈКП „Солидарност", се додава Јавно комунално претпријатие „Кале" кој ќе има обврска, ингеренции за собирање на тој кабаст отпад на територијата само на населеното место Блатец. Од прилика ја имате овде предложено и цената. Ви стојам на располагање доколку има некоја потреба за дополнително објаснување.

Советник Зоран Стоименов: Почитувани колеги, идејата за донесување на оваа Предлог-Одлука за собирање на кабаст отпад е позитивна. Секако и ја поздравувам иако беше иницирана и на некои од претходните седници од Наша страна, од опозицијата, дека тоа треба да се донесе и добро е што е прифатено и денес разгледуваме како Предлог-Одлука на седница. Сепак разгледувајќи ја подетално Јас таа Одлука, сметам дека малку е непрактична за некои работи и недоволно разработена во неколку клучни сегменти. Прво, динамиката е премногу ретка. Да се собира кабаст отпад само три пати годишно во градот, мислам дека е малку. Луѓето имаат потреба од реновирање, односно да исфрлат стар отпад кога реновираат, а не кога ќе дојде март, јули или ноември месец. Мислам дека таа динамика треба да се зголеми прво. Второ е методот на собирање. Како што гледаме тука се предлага да биде на собирни пунктови. Прво, како очекуваме некој пензионер или лица што немаат автомобили или поизнемоштени лица да можат да однесат двосед, тросед, плакар или било каков поголем кабаст отпад на некои такви собирни пунктови што нема да бидат блиску до нивните домови. Затоа наместо тоа, мислам дека треба граѓаните да не се мачат и да го остават тој кабаст отпад пред секоја куќа, односно пред соодветните згради каде што живеат. Тоа ми е втората забелешка. И трето околу воведувањето на нов месечен паушал од 10 денари на сметките на граѓаните. Мислам дека нема потреба граѓаните да плаќаат ново паралелно задолжување за нешто што треба да биде редовна комунална услуга на претпријатието. Собирањето на кабастиот отпад може да се финансира и како субвенција на Јавното претпријатие од Годишната програма за комунална дејност, односно од јавна чистота на општина Виница. Затоа давам предлог Одлуката да се измени, односно да се зголеми фреквенцијата на акциите, да се организира собирање директно од домовите на домаќинствата, од пред домаќинствата и да се укине месечниот паушал од сметките на граѓаните. Го погледнав и вчера поминал, го оправдувам и е позитивен Амандманот што го поднел Трајче колегата, еднаш за селата, мислам беше недозволиво еднаш во годината да се исфрла отпад и во населените места. Секако го поздравувам и мислам дека и таму треба да биде исто како во градот повеќе пати.

Советникот Трајан Сарафимов, Претседател и на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата, истакна: Со цел да се обезбеди поквалитетно собирање на кабастиот отпад и во населените места, предлагам неколку измени во Предлог-Одлуката. Во член 3 став 1, наместо во градот Виница, да стои во градот Виница и населените места. Во член 3, став 2 да биде избришен. Во член 10 став 1, наместо износ од 10 денари во градот Виница и 5 денари за домаќинствата во населените места во Општината, да стои износ од 10 денари во домаќинствата во градот Виница и населените места во општината. Тоа се измените што ги предлагам.

Претседател на Советот Гоце Василев: Ако може да дообјаснам на колегата Зоран. Можеби е добро и секој месец да се собира тој кабаст отпад бидејќи секој во различно време реновира. Ама во однос на нула и сега три пати во годината е нешто многу добро. А и оваа Одлука за организирано собирање на кабаст отпад на територијата на општина Виница, не

значи дека сега ќе ја усвоиме и ќе биде замрзната. Можеме за два месеци, три да ја измениме. Ова прв пат се случува. Еве има еден Амандман така да мислам нема да има проблем.
Советник Венцо Вуинов: Најпрво сакам да кажам, мислам дека комплетната советничка група ќе нема да го поддржиме овој предлог, ако не се тргне на страна таксата која што треба да се плаќа за овој предлог 10 денари, заради тоа што ако малку прогуглате по интернет ќе видите дека на многу места тоа се врши бесплатно и е инкорпорирано во веќе постоечката услуга која што ја плаќаат граѓаните. Има многу убави решенија направено. Јас читав некое решение во град Скопје донесено многу порано, можеби пред шест седум години, каде што граѓанинот има право на телефон кој што е достапен до јавноста, да се јави и да нарача возило каде што ќе биде соберен тој кабаст отпад и ќе биде однесен на соодветно место. Сметам дека Ние треба да се потрудиме да направиме добро решение, граѓаните да бидат мотивирани. Сметам дека нема потреба дополнителна давачка на граѓаните бидејќи и така давачките не се мали. Директорот на Комуналното претпријатие не е овде, но знаеме во изминатите години неколку пати, речиси секоја година се зголемуваа. Така да ова треба да си биде решение кое што веќе постоечката давачка ќе го покрива. Воопшто не треба да се зголемува надоместокот и да се удира по џебот на граѓаните. Сега за сега толку, ако се отвори дискусија ќе земам повторно збор.
Претседател на Советот Гоце Василев: Требаше да постапиме по Амандманот, Ние малку на дебата поминавме. Амандманот на Трајан Серафимов во врска со точката Предлог-Одлука за организирано собирање на кабаст отпад на територијата на општина Виница, го ставам на гласање.

Од присутните 15 советници, со 8 гласа ЗА, 5 гласа ВОЗДРЖАНИ, 2 се изземаат од гласање, Амандманот поднесен од советникот Трајан Серафимов е усвоен и станува составен дел на конечната Одлука за организирано собирање на кабаст отпад на територија на општина Виница.

Ставен е на гласање и Амандманот од советникот Зоран Стоименов.

Од присутните 15 советници, со 5 гласа ЗА, 8 гласа ПРОТИВ , 1 се иззема од гласање, 1 присутен советник не гласа, Амандманот поднесен од Зоран Стоименов не е усвоен.

Советник Венцо Вуинов: Мене многу ми е жал што колегите од позицијата ниеден не кажа зошто овој Амандман не е прифатлив за нив, а гласаа Против. Дали за Вас кои што сте претставници на граѓаните, не е прифатливо да малку граѓаните ги ослободиме од давачки за кои што веќе плаќаат? Не разбирам зошто ниеден од колегите не зеде збор и да го објасни тоа, зошто не е прифатлив овој Амандман. Граѓаните сигурно ја гледаат оваа седница, знаат колкави се давачките од Комуналното претпријатие кои што ги плаќаме за ѓубре, за вода и слично и Ние повторно уште некоја давачка и додаваме, која што треба да си биде нормална и која што во другите градови функционира баш така. Значи инкорпорирана во соодветната услуга која што веќе ја плаќаат граѓаните и можат да го одлагаат и својот кабаст отпад. Буквално се јавуваат по телефон. Дури пишува дека го земаат бидејќи во Скопје има повеќе згради, помагаат да се изнесе од, да речеме некој повисок спрат долу пред зградата. Не разбирам зошто колегите Наши не сакаат да го поддржат овој Амандман. Многу ми е жал што работиме во овој случај против интересите на граѓаните.
Претседател на Советот Гоце Василев: Реплика на Венцо. Јас реков пред малку, прв пат се донесува оваа Одлука. Да почекаме ќе ги видиме предностите, слабите страни. Не е спорно за два, три четири месеци да предложиме измена на оваа Одлука. Инаку Ние сега да кажеме ѓубрарина од утре нема да не се плаќа, знаеш колку ќе не сакаат. Има некои економски логики што мора да ги запазиме. 10 денари е толку симболична сума што мислам дека не треба муабет да правиме.
Советник Зоран Стоименов: Една работа околу паушалот што зборуваме, а друга работа никој ништо не ми изреагира и не ми искоментира околу собирните пунктови, на пример. Дали тоа е во ред тоа што го спомнав пред малку дека прво колку, тука во Предлог-Одлуката никаде не е спомнато колку пунктови ќе има и на кои места ќе има. Како и да е, не верувам дека ќе биде на секоја улица тој собирен пункт. Па и ако е на секоја улица, зошто да не е пред куќата? Многу е попрактично. Нека се види на пример кој и да е месец во годината,

последниот ден од месецот. Да се договориме за тоа, нека е попрецизно направено да се знае ден пред собирањето нека го изнесат граѓаните и нека се собере. Мислам дека стварно не е функционално со такви собирни пунктови да се....
Претседател на Советот Гоце Василев: Тоа го оставаме за предлагачот да даде објаснување.
Советник Венцо Вуинов: Реплика до Претседателот. Единствено да, Вие зедовте збор, кажавте неколку работи. Мене не ми е сфатливо кога нешто работиме, а треба да работиме нели во интересот на граѓаните и секако Комуналното претпријатие се финансира од парите на граѓаните. Не ми е сфатливо зошто не можеме да се согласиме дека еве за оваа работа дајте нешто да направиме за граѓаните кое што ќе биде од Нас позитивно. Ако не може тоа Комунално претпријатие да работи ефикасно без да се задолжува постојано, Ние ли на овој начин ќе го спасуваме. Сме дискутирале многу пати на оваа тема и со Градоначалникот. Ако менаџерскиот тим не си ја врши работата, едноставно се знае, нека си го напушти претпријатието, а не вака со постојано.... Значи има доволен буџет, доволно се плаќа, мора нешто да направи внатре за да се подобри, а не вака цело време да ги товараме граѓаните со плус такси.
Претседател на Советот Гоце Василев: Тоа го и Јас велам. Ајде да дадеме шанса три месеци, четири месеци да видиме како ќе функционира, ќе направиме измени. А што се однесува добра работа? Зар ова не е добра работа? Сега гумите во мојата бавча што имам 20 што сега ќе ги однесам во Комуналното ќе си очистам бавчата. Ова ли не е добра работа. Ја мислам треба да ја поздравиме.
Ние ја поздравивме, одговори советникот Зоран Стоименов.
Претседател на Советот Гоце Василев: Сите сме затечени, до сега не е било тоа во Виница, прв пат се случува. Не значи дека оваа ќе биде замрзната, оваа Одлука ќе ја менуваме во текот на годината.
Советник Зоран Стоименов: Може да даваме предлози.
Претседател на Советот Гоце Василев: Не е спорно ама тоа што Ние си ги одбиваме, тоа е друга работа. Така цениме и тоа сме го направиле. Може за три месеца ако сме грешиле ќе ја исправиме грешката.
Претставник Гоце Георгиев: Одлуката е јасна и гласна и тоа ме радува. Немаше многу дискусии околу содржината на Одлуката. Дека е базично нешто, е базично. Имаме од каде да почнеме и добро е има од каде да почнеме, не е библија. И ако нешто видиме во текот на работењето, може ќе видиме дека нешто фали, нешто има некој недостаток, ќе видиме слабите и јаките страни, па ќе ги коригираме. Ама што се однесува за член 3 став 4 вика за секоја акција општина Виница, ЈП „Солидарност“ Виница и ЈКП „Кале“ - Блатец, најдоцна седум дена пред денот определен за собирање, ги информираат граѓаните за датумот, времето, распоредот и конкретните локации за оставење на кабаст отпад. Ние во текот на работата ќе видиме, Ние размислуваме да можат граѓаните... На почетокот првичната Одлука беше со два пати собирање годишно, но после со анализи со предлагачот со Градоначалникот, дојдовме до ситуација да биде три пати во годината. На почеток ќе ни е тешко, ќе имаме многу одеднаш бидејќи да бидеме искрени не купуваме Ние секој ден троседи и двоседи, да се разбереме, граѓаните тие сме ги собирале со години. Кога ќе ја Ние направиме првата акција, кога ќе ги собереме сите тој кабаст отпад, после многу ќе ни е полесно. И размислуваме да можат граѓаните, секој граѓанин кој реновира дома вади кујна, исфрла тросед, да си го однесе сам во „Солидарност“, да не мора да чека кога ќе е месец март, јули или ноември. Да и овозможиме како сме овозможиле за електричната електронска опрема 24/7 може да се носи таму, за гумите 24/7. Правиме нешто добро за граѓаните. Ќе бидат граѓаните информирани дали ќе биде еден пункт, дали ЈКП „Солидарност“ ќе оди со камончето од улица на улица да речеме последниот петок во месецот и да речеме денеска ќе ги известиме луѓето, изнесете се што имате, ќе ги собереме Ние. Тука е тоа дефинирано. Ќе го одлучиме, ЈКП „Солидарност“ на кој начин, ќе го одлучи и ЈКП „Кале“ - Блатец што го изведува тоа. Што се однесува за локациите и пунктови. Што се однесува за цената, правени се анализи, не е цената фрлена од ракав. Правени се анализи со ЈКП „Солидарност“. ЈКП „Солидарност“ е надлежност за комуналниот отпад, за собирање на комуналниот отпад. Не е надлежен за собирање на пластика, не е надлежен за кабаст отпад, надлежност е на општината. Ние како Локална самоуправа сме должни да и

овозможуваме на граѓаните. Сега најдовме некоја солуција и таа не е.... Јас да, го разбирам оптеретувањето на буџетот на граѓаните, ама мислам да бидеме искрени, 2 евра годишно не се пари. Да бидеме искрени и мислам дека се тоа минимални средства со кои Ние ќе ја завршиме. Ќе ни фалат пари секако и на Јавното комунално претпријатие ќе му фалат пари бидејќи не може тој да се покрие со 2 евра годишно за да го собере тој цел кабаст отпад. Ама има појдовна основа од каде може да тргнеме и да работиме. Па на крај крајот кога ќе ги утврдиме и слабите страни, еве Вие сте Совет тука ќе донесеме измена и дополна на предложената Одлука. Што велеше советникот Венцо Скопје, да Скопје е на лист така, секој граѓанин јави се ќе дојде. Не функционира докторе, кажувам од искуство. Не функционира, не одат таму не собираат. И Ние сме сведоци дека ќе видиме кабаст отпад пред контејнерите исфрлени. Ако функционирале нема да ги гледаме пред контејнерите. Значи не функционира бидејќи Јас во соработка со моите колеги вика кај Нас тоа не функционира. Да, на лист стои кој сака граѓанин се јави ќе дојде. Не се собира. Е сега Ние се трудиме да направиме нешто како Локална самоуправа добро за граѓаните. Јас мислам дека правиме добро дело.

Советник Зоран Стоименов: Чисто само околу пак пунктовите. Ако веќе камионот дојде да собира од улицата зошто да не ги собере од пред секоја куќа. Значи па за мене тоа е голема забелешка.

Претседател на Советот Гоце Василев: Добро рече претставникот дека ќе се разгледа еве за три месеци, за пет месеци….

Советник Зоран Стоименов: Сега ја донесуваме, зошто ако е во ред забелешката зошто да не ја направиме како што треба.

Советник Ромео Стоименов: Една мала реплика на докторот. Навистина ако мисли дека опозицијата ќе алудира на нешто дека позицијата сака да наштети на граѓаните, тоа ќе го видиме на непосредни избори. А друга работа 10 денари, мислам дека не наштетуваме на граѓаните. Колку, еве еден прост пример. Колку го кошта еден граѓанин ако го качи тросед или двосед што треба да го исфрли, да го качи на трактор, да го оттера во Калиманци и да го пушти во долот, сигурно многу повеќе го кошта од колку да плати по 10 денари месечно. Тоа е само еден прост пример.

Советник Венцо Вуинов: Да му одговорам на колегата. Јас имав, можеби не во овој состав предлог кога работеше депонијата Наша, бидејќи тогаш се одлагаше таму таков отпад, да се субвенционира т.е. да се плати кога еден граѓанин ќе донесе еден трактор да речеме со мебел или со било што, да се субвенционира, да се плати. Ние мораме ако размислуваме здраво, мораме да ги стимулираме граѓаните за да може да имаме еколошки чиста средина. Јас не сум паушално реагирал на ова, одамна размислувам. Сакав да бидам и во Комисијата за урбанизам и екологија. Не го знам точно сега називот како беше целиот, но сакам да кажам дека екологијата ми е посебно драга заради тоа што кога ќе излезам во природа, кога ќе гледам само зеленило, а нема отпад, се чувствувам многу убаво. И секогаш кога Ние на граѓаните ќе сакаме нешто околу отпадот да и на некој начин вметнеме, треба да тоа го направиме со стимулација, а не со дестимулација. Кога и барате пари, ако на пример сега речеме граѓанинот треба да донесе отпад во Комуналното претпријатие, ама треба и да плати 500 денари, тој нема да го донесе таму. Ние секогаш треба да ги стимулираме граѓаните и заради тоа мислам дека и во овој случај, ова е малку подзаскриена, но пресметајте од колку семејства ќе се земат по 120 денари годишно. А каде одат тие пари? Овде честопати дискутираме дека Нашето Комунално претпријатие работи недомаќински. Тоа е факт. Не од сега, од подолго време. Значи таму треба некој сериозно да се зафати и да ги реши проблемите. Вакви интервенции со постојано некоја плус давачка за која што ништо не допринесува, Ние тоа сме го виделе илјада пати до сега. Илјада пати се зголемија давачките и за ѓубре и за вода и за зеленило и за не знам улици чисти, за што не се зголеми. Не можам ни да набројам за се и пак немаме ефект, пак немаат, пак се во долгови и тоа си тера. Од тука некаде ми е и поентата зошто реагирам вака на оваа работа.

Градоначалник Митко Костадиновски: Ќе кажам неколку работи. Прво за 10 денари. Мислам како опозиција, Ве разбирам дека за се мора да се бара некој политички поен да се направи. 10 денара на сметка. Треба да им објасниме на граѓаните колку ќе ги оштетат 10 денари месечно. Пез бомбони во продавницата не може да купат, 12 денари се. 10 денари

месечно. Тоа што кажувате дека тоа е не знам некоја астрономска цена што ќе буџетот на граѓаните ќе го, не знам што ќе го намали или ќе го загрози, не ми е јасно освен може да кажам слободно дека само политика друго ништо. 50 години не е собирано тоа што се прави, сега три пати било малку. А како што кажа и Гоце кога ќе се собере првата година, верувајте дека наредните години три пати ќе е многу затоа што сега сите тука зборуваме дека не знам колку пати, а еве Јас 17 години живеам во куќата, уште не сум сменил нешто. Може некој мени секоја година, алал му е. Сакам да кажам еве за мене лично 17 години ништо не сум сменил, така да мислам не е ферски и тоа. Друга работа пред 5, 6, 7, 8, 9 години бевте власт. Можевте да смените нешто, да направите некој закон. Многу интересна работа. Кога сте власт ништо не Ви текнува, ништо не бива. А кога сте опозиција само предлози, предлози, предлози. Ако сте власт, ништо. Тоа е чудна работа. Не знам, не ми е јасна таа работа. И тоа што го правиме сега е најмногу за тие луѓе што секој ден ги фаќаме што фрлат на диво и загадуват и води и бавчи и реки и долови и патишта улици, секаде. Тоа е највеќе за нив. Еве и шанса за да немаат оправдание да велат дека нема каде да го фрлат, нема како да го фрлат, еве и шансата. Инаку тие луѓе што 50 години не собирале не ги фрлат, тие па може нема да го донесат али нема. Дали ќе го изгорат, дали нешто друго тој поштениот народ да го речам што не сака да загади. А тие другите што фрлат што ги фаќаме скоро секој ден некаде, тоа го правиме највеќе за нив, затоа што тие барат оправданија. Фрлам затоа што нема каде да фрлам. До некаде ајде да речеме дека е бил во право. Еве даваме шанса и мислам дека сега 50 години не е собирано ни еднаш, сега три пати во годината ќе собираме, малку е. А верувајте еве другата година кога ќе се собере скоро да речам 90% се, ќе видите дека и тие три пати ќе бидат многу во годината што ќе се собира затоа што еднаш како ќе се исчисти после е многу полесно. Не знам не можам да Ве сфатам. Уште една работа, еве размислувајте за предлог за директор на Комуналното. Дадете го Вие од опозицијата, ќе го ставиме слободно. Размислувајте убаво на таа тема. Сериозен сум за ова. Дадете предлог ќе го ставиме директор на Комуналното затоа што овие долгови се и од Наше време и од Ваше време и по од Наше време и по од Ваше време. Не е сега за шест месеца или за осум месеци се направи долговите. Еве размислете на темата, имајте си таму во партијата, најдете предлог за директор ќе го ставиме директор на Комуналото.

Советник Зоран Стоименов: Само не ми одговори уште за околу пунктовите, што е проблем.

Претставникот Гоце Георгиев, одговори: Како што реков во членот 3 по донесувањето на Одлуката, ЈКП „Солидарност“ и ЈКП „Кале“-Блатец, ќе проценат дали ќе одиме како што рековме од куќа на куќа и ќе го собираме кабастиот отпад, ќе одат ЈКП „Солидарност“ и ЈКП „Кале“-Блатец или ќе бидат на одредени пунктови или ќе овозможиме на граѓаните после да можат 24/7 да го одлагаат кабастиот отпад во Јавното комунално претпријатие „Солидарност“. Како што рековме и претходно, склучивме Договор за отпадни гуми, сите гуми, не менуваме гуми секој ден и секоја година за да имаме Ние.... На почеток се собираат многу гуми, на крајот после ќе немаме. Како што рече и Градоначалникот на почетокот беше два пати, сега е три пати, наредниот пат и наредна година и тие три пати ќе ни се многу бидејќи искрени да бидеме не менуваме Ние сите дома троседи, двоседи секој ден. Пак се враќам на пунктовите. Тоа е дефинирано во Одлуката. Дали Јавното комунално претпријатие ќе оди со ивекото кое го имаме со куката и со двајца работници нивни да ги собират од улица на улица или да речеме за моето маала пример да речеме, Јас каде живеам собирен пункт ќе е да речеме сточното пазариште. Ама тоа е дефинирано. Тука Ние по изгласувањето на Одлуката, тоа ќе го дефинира ЈКП „Солидарност“ и ЈКП „Блатец“. Имаме појдовна основа од каде да тргнеме. Се враќам пак на финансиите, па и мене ме удира по џеб тие 2 евра. 10.000 евра се во прашање, 5.000 водомери толку се 10.000 евра. Малку ни се тие за собирање пари да се разбереме. Надлежноста на Локалната самоуправа и Ние како Локална самоуправа наоѓаме начин, Ние го субвенционираме тоа. Тие 10.000 евра Нас не покриваат како општина Виница во кој сите Ние живееме и сите сакаме да ни е убаво и мислам дека во основа на ова сме постигнале многу. Дали има простор за подобрување? Да. А дали сме сите виновни затоа што имаме да речеме кабаст отпад по доловите? Да. Е сега Наше е сега од овој пат да почнеме. Сепак мислам дека и другите граѓани кои доаѓаат, ова не е неполитички говор бидејќи Јас сум од администрацијата, сите викаат дека Виница е доста чиста и доста добра, има за подобрување. Се враќам професоре пак за пунктовите.

Тоа ќе го дефинираме по донесувањето на Одлуката на кој начин тоа ќе го правиме. Дали пунктови, дали граѓаните ќе го земаме од куќа на куќа и ќе и се овозможи на граѓаните 24/7 да си го носат својот кабаст отпад. Тој што е поимотен си сменил кујна, да си однесе во ЈКП „Солидарност“ и на тој начин и на ЈКП „Солидарност“ ќе им овозможиме…. Никој не не прашавте што ќе го правиме Ние тој кабаст отпад. Никој не постави прашање за тоа. Никој не прашавте за тоа што ќе го правиме бидејќи и тоа е товарот бидејќи и таму треба да се платат работници кои ќе работат на тој кабаст отпад. Тој тросед, тој двосед, тој текстил треба да се отпере, тие дрва треба да се селектираат, па тој текстилен отпад да се фрли во контејнерите за текстилен отпад, тоа што е железо да се однесе, сето има активности. Општината ќе ги субвенционира вишокот на пари што ќе се потроши.

Претседател на Советот Гоце Василев: Едно конкретно прашање. Отпадот што ќе се собира таму еве гумите, Јас имам информација дека од рециклажа на тие гуми се прават и овие лежачките полицајци, а слушаме од граѓаните дека фалат лежачки или барем сакаат да има лежачки полицајци. Може ли тука неколку компензација да се направи со тој квантум на гуми да речеме што ќе се даде таму за рециклажа, па со тие пари да се набават нешто да има.

Претставникот Гоце Георгиев, одговори: Не, бидејќи колективниот постапувач ни врши услуга на Нас на граѓаните, ни ги собира гумите без пари. Што значи тоа, помалку отпад на депонијата, помалку отпад во камионите, помалку нафта, помалку малтретирање, тоа ни е без пари, тоа што го прави колективниот постапувач. И Јас не се согласувам ако ме прашате како граѓанин, како инспектор отпадот од пакување од стаклото кои на субјектите кои вршат дејност и се зема без пари, а тие прават пари на тоа, а и го зема државата без пари. Еве Јас не се согласувам како граѓанин и како инспектор ама законодавецот така донел и сега Ние најдовме некоја средина. Правени ни се, пак ќе речам не е тоа паушално дадена таа цена, правени се анализи да можеме со малку, а да добијат граѓаните многу. Еве 10.000 евра се на годишно ниво на ЈКП „Солидарност“, по 2 евра од граѓаните.

Советничка Марина Костов: Никој не рекол дека нема да ја поддржи Предлог - Одлуката. Кога се поднесуваат Амандмани, немаме сите исто мислење. Некој мисли дека тоа е подобро. Требаше да се даде објаснување. Сте можеле и на Предлог-Одлуката да ставите финансиските импликации како извештај позади, колку ќе кошта и што ќе кошта. Друго, во Предлог-Одлуката кога предлагаме Ние Амандмани, што е толку лошо да се прифати дел од тој Амандман и нема поделба никаде. Дали правните лица ќе плаќаат исто како физичките лица, ќе има ли на правните лица тие 10 денари?

Претставникот Гоце Георгиев, одговори: Одлуката е планирано само за физичките лица ќе има апликации. Не е размислувано за правните лица бидејќи претпоставка и анализите дека малку имаат тие кабаст отпад да речеме правниот субјект кој работи. Ова е добро за размислување за некое идно време да можеме и на таа Одлука да додадеме и за правните лица. Сега за сега на тој начин размислуваме.

Советничка Александра Евтимова: За Предлог-Одлуката за Амандманот на Зоки, нели е логично прво да се зголеми зачестеноста на собирањето на отпад, па после да се намали и да се види како ќе биде тоа. Зошто веднаш се става политички акцент на предлогот.

Градначалник Митко Костадиновски: 50 години не е собирано.

Советничка Александра Евтимова: Во ред ама во ред е да се собери и на два месеци. Да биде почесто па после да се редуцира да се види дали треба еднаш во годината или два пати. Не е тоа спорно, никој не рекол дека не е добра Одлуката. Ја пофаливме сите дека е во ред. Тоа е само предлог.

Градоначалник Митко Костадиновски: Јас кажав можело да се донесе 2017, 2018, 2019, 2020, 2021, кога Вие бевте.

Советник Зоран Стоименов: Градоначалник, Вие постојано тука алудирате Наши, Ваши, политики мешате. Ние сме тука советници изберени од граѓаните на општина Виница и треба да работиме за доброто на сите граѓани на општина Виница и ако Ние даваме предлог некој добар без разлика од која политичка партија сме дошле, Ние го даваме тој предлог за доброто на сите граѓани.

Градоначалник Митко Костадиновски: Кој е добар предлог, 10 денари?

Советник Зоран Стоименов: Три работи кажав во врска со предлогот, не само 10 те денари. Тоа беше последна работа што ја кажав. Вие сте, како не знам имате.....
Градоначалник Митко Костадиновски: Да, имам.
Советник Зоран Стоименов: Вие сте изберен од граѓаните на општина Виница од сите.
Градоначалник Митко Костадиновски: Не од Вас, од граѓаните. Ти не си ме избрал, ти гласа за друг кандидат. Не вели дека ти си ме избрал, да расчистиме.
Советник Зоран Стоименов: Вие сте Градоначалник на сите граѓани.
Градоначалник Митко Костадиновски: Да на сите, точно.
Советник Зоран Стоименов: А не на кои Ве гласале, а кои не Ве гласале.
Градоначалник Митко Костадиновски: Ти ако правиш политики, Јас ќе ти вратам.
Советник Зоран Стоименов: Какви политики? Ние зборуваме за доброто на сите.
Градоначалник Митко Костадиновски: Еве Јас на Зоки јавно кажувам 10 денари, Јас ќе ги давам за него ќе ги уплаќам на Комуналното. Еве лично кажувам 60 денари месечно, Јас секој месец ќе плаќам за сите советници од СДСМ од опозицијата.
Советник Зоран Стоименов: Никој не Ви зборува за плаќањето на советниците.
Градоначалник Митко Костадиновски: Сега треба да кажам нешто друго. Сакаш да извадам кој колку е должен за вода?
Советник Зоран Стоименов: Слободно извади, не е проблем.
Градоначалник Митко Костадиновски: За наредниот Совет ќе имате.
Советник Зоран Стоименов: Не е проблем, слободно. Друго ми е целта, цело време Ние сме тука да даваме добри идеи, Градоначалник.
Градоначалник Митко Костадиновски: Ако е добра идејата тогаш ќе Ви се прифати.
Советник Зоран Стоименов: Цело време Наши, Ваши, Ваша, Наша политика. Тука нема политика на таа маса.
Градоначалник Митко Костадиновски: Јас никој пат нема да бидам Ваш.
Советник Зоран Стоименов: Вие кажувате, Ние не кажуваме. Ги мешате фреквенциите.
Градоначалник Митко Костадиновски: Ти ќе ги прашаш вработените во општина Виница дали Јас од како сум дошол и дали има Ваши и Наши. Ти ќе ги прашаш вработените во општината дали Јас ги делам на Наши и Ваши.
Советник Зоран Стоименов: Вие тука го правите во тоа.
Градоначалник Митко Костадиновски: Да. Сега Јас не може да кажам дека ти си ВМРО и дека си Наш.
Советник Зоран Стоименов: Да, ама Ние зборуваме за Одлуки што се во интерес на граѓаните.
Градоначалник Митко Костадиновски: Ако е Одлуката во интерес на граѓаните ќе добие 15 гласа, а не политики да правите 10 денари. Еве Јас кажав, 60 денари месечно, Јас ќе плаќам за сите советници од СДСМ.
Советничка Марина Костов: Само едно прашање до Градоначалникот: Дали е на Нас Градоначалник? Градоначалник ли сте на Нас?
Сигурно дека е и на Вас Градоначалник, истакна Претседателот на Советот Гоце Василев.
Градоначалник Митко Костадиновски: Ќе дојдеш во канцеларијата ќе видиш.
Советничка Марина Костов: Значи ќе дојдам, да закажаме средба.
За Вас може и без средба, одговори Градоначалник Митко Костадиновски.
Советничка Марија Миланова: Јас ќе Ве замолам да се држиме кој колку пати има до правилникот збор, колку минути, колку има реплика, а и советниците не можат да инсистираат Ние да одговараме зошто гласаме против некој предлог. Тоа е Наше право. Ниеднаш до сега не сме ги прашале. Тие цело време гласаат против Нашите предлози. Против се што е направено. Сега ќе видиме ќе дојдат кварталните, буџетот, ребалансот. Ќе видиме дали тоа ќе им се свиќа и дали тие ќе гласаат ЗА.
Советник Венцо Вуинов: Реплика на колешката. На што личи овој говор сега? Ние не сме мали деца тука сега.
Претседател на Советот Гоце Василев: Мислам дека е во право бидејќи малку прекорачивме минутите. Репликата е три минути, општо за сите зборувам. Малку прекорачивме.
Советник Венцо Вуинов: Колешката малку треба да има прво култура да држи малку до себе. Тука на оваа маса Ние разговараме за парите на граѓаните и нормално, Јас што мислам

дека е подобро за граѓаните ќе го кажам. Ова е на некој начин притисок сега. Не може Ние да кажуваме, не може Ние да прашаме. Значи тие ќе си седат тука четири години само ќе креват рака и се е во ред. Тогаш е океј се. А Ние што зборуваме дека нешто може треба вака да биде, нешто вака, некој пат и згрешиме, ама тоа не е добро. Ние не треба да зборуваме. Треба и Ние само рака да креваме. Така ли треба да биде Претседателе? Сега притисок прави тука Вие не треба да зборувате.

Претседател на Советот Гоце Василев: Еве сега ќе Ви кажам. Од некој советник беше излегло, како можете Вие да не поддржите еден Наш толку добар предлог? Како можете со гласање кажуваме? Култура немаше од некоја, а не од колешката Марија.

Советник Венцо Вуинов: Кажа Зоки првата реченица му беше убав предлог и поддржани. Ние имавме забелешки само.

Претседател на Советот Гоце Василев: Од кој поддржани? Од Вас.

Советник Зоран Стоименов: Првата реченица викаме позитивен и ќе го поддржиме. Ама даваме предлог за измена само.

Советник Венцо Вуинов: Граѓаните гледаат.

Претседател на Советот Гоце Василев: Амандманот на Трајче, Воздржани гласате, не сте За.

Советник Зоран Стоименов: Ние сме за повеќе пати, не дека нема да ја поддржиме Одлуката. Кој рекол дека нема да ја поддржиме.

Претседател на Советот Гоце Василев: Јас мислам дека сите добро разбравме и предлагачот кажа дека ова е почеток, ќе има измени. Не е ништо страшно.

Советник Венцо Вуинов: Претседателе значи не сакам да дозволувате, Ние сме тука сите изберени.

Претседател на Советот Гоце Василев: Докторе, Вие дали знаете што кажавте пред малку? Нашата колешка нема култура, алудираше на елементарна или на општа култура. Тоа ли не е навреда.

Советник Венцо Вуинов: Ама на што личи да ни се обраќа така? Мали деца ли сме Ние тука?

Претседател на Советот Гоце Василев: Ти викаш нема култура. Дали знаеш што имаш кажано?

Советник Венцо Вуинов: Ама чекај сега Претседателе. Па тоа културно ли беше? Вие требаше да ја спречите. Требаше да не дозволувате да дојдат до вакви инциденти.

Претседател на Советот Гоце Василев: Ама во право е прекорачуваме сите. И Градоначалник повеќе од пет минути и ти земаш три пати збор.

Советник Венцо Вуинов: Треба Вие да се грижите за редот тука на оваа соба.

Претседател на Советот Гоце Василев: И мене ме потсети сега колешката Марија. Вие велите дека не е во право.Точно е треба и Јас не се грижам, таа ме опомени и сега Вие велите дека не е во право, нема елементарна култура.

Советник Венцо Вуинов: Претседале, Вие заборавивте дека Ние сите Вас Ве изгласаваме.

Претседател на Советот Гоце Василев: Да и Вие мислите дека Јас ќе Ви давам по пет пати збор, репликите ќе Ви траат по 7 минути.

Советник Венцо Вуинов: Никој тоа не го е злоупотребувал.

Претседател на Советот Гоце Василев: Како него е? Бидејќи сум молчел за тоа не го е.

Советник Венцо Вуинов: А Вие дозволувате пинг понг тука да се игра со советниците.

Претседател на Советот Гоце Василев: Добро понекогаш и дозволувам. Тоа се дозволува во сите Парламенти па зошто Јас, кој сум па да не дозволам.

По исцрпување на дискусијата, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 8 и ја стави на гласање Предлог-Одлуката за организирано собирање на кабаст отпад на територијата на Општина Виница.

Од присутните 15 советници, со 11 гласа ЗА, 3 советници се изземаат од гласање, 1 присутен советник не гласа, Советот донесе Одлука за организирано собирање на кабаст отпад на територијата на Општина Виница.

1-ва точка од Дневниот ред е Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Виница за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 30.09.2026 година (трет квартал).

Претседателот на Советот Гоце Василев, Претседател и на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, истакна: Оваа точка беше разгледана на Комисијата за финансирање и буџет на 21.10.2026 година, имаше претставник од Локалната самоуправа и со 3 гласа ЗА и 2 гласа ПРОТИВ, предлагаме на Советот да биде усвоен.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 1 од Дневниот ред.

Образложение по точката даде Раководителот на одделението за финансиски прашања Јулија Манасиева, која истакна: Во овој извештај е искажана реализацијата на приходите и расходите на општина Виница заклучно со 30 септември 2026 година. Вкупните приходи на буџетот се реализирани во износ од 446.183.000 денари или во проценти остварувањето е 76,9 од вкупно планираните приходи. Во основниот буџет се остварени приходи во износ од 204.622.000 денари или остварувањето е 83,5% во однос на планираните приходи во основниот буџет. Од нив даночните приходи се остварени во износ од 59.097.000 денари или 139,8%, неданочните приходи се остварени 2.577.000 денари или 111%, трансферите 109.112.000 или 63,6% и капиталните приходи 33.834.000 денари или 117,5 % во однос на планираните. Во колоната дотации кои што се приходи на единките корисници кои што се финансираат од соодветните Министерства, остварени се дотации во износ од 220.494.000 денари или 75,3%. Во делот на самофинансирачки активности кои што се исто така приходи на единките корисници се остварени 8.519.000 денари или 60% и приходи од донации 12.547.000 денари или 44,2% во однос на планираните. Во делот на расходите реализацијата е на на вкупниот буџет 69,7% или во апсолутен износ 404.459.000 денари и тоа расходите на основниот буџет се реализирани 72%, дотациите 72% исто, самофинансирачките активности 56% и донациите 37%. Тековно оперативните расходи на вкупниот буџет се реализирани 315.134,000 денари или остварувањето е 73% во однос на планираните тековно оперативни расходи, а во однос на вкупно планираниот буџет реализацијата е 54%. Додека пак капиталните расходи се реализирани 89.325.000 денари, што претставува остварување од 60,6% во однос на планираните капитални раходи или 15,4% во однос на вкупно планираните расходи на буџетот.

Советник Зоран Стоименов: Почитуван Претседател на Советот, почитуван Градоначалник, колеги советници. Денес го разгледуваме извештајот за извршување на буџетот во првите девет месеци од 2026 година. На хартија општинската власт се обидува да прикаже редовно функционирање, процент на реализација на вкупни приходи од 76,9%. Но кога подлабоко ќе навлеземе во бројките, во овој К1 образец и придружното образложение, ја гледаме вистинската слика за менаџирањето со општинските пари. Длабока финансиска неликвидност, катастрофална реализација на сопствените развојни проекти и неконтролирано трошење за непродуктивни расходи. Како опозиција ги изнесуваме следниве пет клучни аргументи зошто овој квартален извештај е доказ за лошо управување и зошто нема да го поддржиме. Значи нема да гласаме само и да не кажеме зошто да гласаме. Прво, алармантно ниво на долгови на општината. Најпоразителниот податок во целиот извештај се наоѓа на последната страна од образложението доспеани, а не платени обврски заклучно со 30.09. Општина Виница должи 50.300.000 денари. Тоа е близу 950.000 евра и дополнително општината има и недоспеани обврски од 84.898.000 денари неплатен односно неплатени обврски. Тука имам прашање до Локалната власт. Како планирате да ја извлечете општината од овој долг, кога вкупните долгови доспеани и недоспеани надминуваат 143 милиони односно над 2,3 милиони евра? Второ, фиктивно полнење на буџетот преку продажба на општинскиот имот. Тоа го кажавме и во анализата на претходниот квартален извештај. Локалната власт се фали со реализација на даночните и капитални приходи од основниот буџет, но од каде доаѓаат тие пари? Приходите од продажба на неизградено градежно земјиште се остварени со 30 милиони денари, односно 117% од капиталните приходи. Значи општината ги покрива дупките во тековното работење преку распродажба на трајниот имот и земјиштето на граѓаните наместо преку реално креирање на локален економски развој. Трето, катастрофална реализација на донациите и самофинансирачките активности. Извештајот открива дека општината е неспособна да ги реализира планираните надворешни и сопствени проекти. Приходи од донации планирани 28 милиони, реализирани 12 милиони. Капитални расходи од донации од планирани 20 милиони, реализирани 9 милиони. Самофинансирачки активности остварени само 59% од

планираното. Значи покажува дефицит на капацитет за аплицирање, привлекување и реализација на грантови и странски фондови. Четврто, околу капиталните инвестиции, тука имам едно прашање околу Програмата за водоснабдување, можеби сум грешка ЈГ. Таму пишува планирани 8,9 милиони денари за изградба и реконструкција на водоводни системи, реализирани се само 636,000 денари, тоа е едвај 7%. А реконструкцијата на водоводни капацитети ставка 482730 има 0 денари. Дали станува збор за лош план или проблем во реализацијата на овие проекти? Петто, прекумерно трошење за договорни услуги, привремени вработувања и репрезентации. Нема пари за добавувачите и за водоводи, ама пари има за тековен луксуз, партиски вработувања. Привремени вработувања имаме 5.242.000 денари за девет месеци, други договорни услуги 425990 ставка 4.200.000. Репрезентации оперативни расходи, само за репрезентација, Општинската администрација има потрошено 461,000 денари. Надминат план за цела година уште во третиот квартал и за други оперативни расходи во администрацијата се потрошени над 2,1 милион денари. Поради овие забелешки, не дека само гласаме Против, а не кажуваме зошто, не го поддржуваме извештајот. Не може да поддржиме извештај за општина Виница која должи над 58 милиони денари доспеани обврски, каде што водоводите и комуналната опрема се со 0 до 7%, каде што парите на граѓаните се трошат за договорни услуги, репрезентации и привремени вработувања.

Претставникот Јулија Манасиева, одговори: Прво ќе почнам со Програма ЈГ. Нема лошо планирање тука кај Програмата. Средствата се планирани за еден од инфраструктурните проекти. Тоа е развоен проект за изградба на водовод и канализација на улица „Ванчо Прке“. Работата е целосно завршена, побарани се средства од Министерството за животна средина и очекуваме, бидејќи целата документација е доставена и завршна ситуација и очекуваме до крајот на годината, да ни ги префрлат средствата за да може да се реализираат овие 7.960.000 денари, кои што се планирани на ова конто. Тие 80 и неколку милиони што ги спомнавте како недоспеани, најголемиот дел се однесуваат за овие инфраструктурни проекти за кои што општината има доставено документација, има побарано средства финансиска документација до соодветните Министерства и очекуваме да ги префрлат на наменските сметки, за да можеме до крајот на годината да ги реализираме. Инаку другите доспеаните обврски кои што се околу 50 милиони, веќе имаме Ние салдо на сметката околу 26 милиони, ни треба само да биде усвоен Ребалансот на буџетот за да може да се избуџетираат овие дополнителни средства и да се реализираат. Знаете, поради ограничувањата, законските ограничувања за планирање на буџетот, максималниот износ кој што ни го доставува Министерството за финансии, Ние не можеме поголем буџет да испланираме освен оној што тие ќе ни го определат, а тоа е просек од реализација на претходни години. Така да оваа година имаме поголема реализација на приходите, меѓутоа не можеме да ги потрошиме. Па дури сега и со Ребалансот само за 13 милиони ни го зголемуваат, бидејќи веќе имаме остварено над 75 % од планираните приходи. Министерството не извести дека можеме да планираме поголем износ меѓутоа тоа како што Ви кажувам е околу 13.900.000 денари.

Советничка Марина Костов: Имам направено една споредба во однос на прв, втор и трет квартал. Доспеани ненаплатени обврски, првиот квартал е 51 милион. Вториот квартал се намалува на 47,6 милиони денари. Третиот квартал расте на 58,3 милиони денари. Значи растот на долгот е зголемен за 10,7 милиони во третиот квартал. Ако може Раководителот на секторот да ми објасни зошто оди ова во тие граници. 51 милион па се намалува на 47. Дали знае кои обврски се намалени, а кои се зголемени, доспеани, тие се веќе доспеани.

Претставникот Јулија Манасиева, одговори: Ова е жива материја која што се менува секој ден, не само на квартално и на месечно, туку и на дневно ниво. Секојдневно добиваме, една ситуација ако добиеме од 11 милиони што сега се случува со овие проекти кои што ги работиме, долгот се зголемува веднаш за 11 милиони. Така да ако некоја била обврска до 30 дена и не е платена во рокот од 30 дена заради тоа што има процес како што Ви кажав се доставуваат комплет документациите од тендерската документација, од Договорот со изведувачот, ситуациите, извештаите од надзорот, комплетната документација се доставува до соодветните Министерства, таму оди на разгледување, ја прегледуваат и потоа кога има средства Министерството ги трансферира овие пари на Нашата наменска сметка. Така да се

менува како што Ви кажав секојдневно состојбата со долгот, со обврските кои што ги има општината. Меѓутоа, како што реков, голем дел од овие средства општината ги побарува и ќе ги добие, бидејќи имаме Ние склучено Договори со соодветните Министерства до крајот на годината, а она што ќе остане ќе биде пак планирано во 2027 година за исплата.

Советничка Марија Миланова: Да кажам само дека бев во право пред малку затоа што колегата Зоран, после неговото излагање кажа дека нема да ја поддржат оваа точка, овој квартален извештај, без да го слушнат образложението од претставникот на финансии. Така да после ова образложение, како што слушнаме дека имаме 75% реализација на буџетот, најголема реализација до сега и со тоа што со изгласување на Ребалансот ако се изгласа, ќе може да се зголеми за 14 милиона денари, треба советниците од опозицијата да дадат поддршка сега за да може да се оствари тоа.

Советник Зоран Стоименов: Реплика на колешката. Таа дискусија што сум ја направил тука е врз основа на образложението од кварталниот извештај, не дека е суво дадена таа без да се образложи. Читаме, образложи, па после Ние дискутиравме. Тоа една работа. Второ најголема забелешка ни е долгот на општина Виница 58 милиони е, не е малку.

Советничка Марија Миланова: Кажано е дека тоа е жива материја со оглед на големата инфраструктурна програма за во текот на оваа година. Нормално е дека ќе се зголемуваат и сумата ќе се зголемува. А како што кажа и претставникот на финансии, тоа е жива материја. Се менува од реализација на состојба до реализација, така да ништо нема проблем.

Советник Венцо Вуинов: Јас би сакал чисто да спомнам за сите Нас колегите тука, дека претставникот на финансии, веќе уназад години и години како што кажа и колешката жива материја, ни кажува дека се, се ни е во ред, а општината ни е должна и некако не можеме никако да се раздолжиме со години. Не знам што работат од финансии и цело време, Јас не сум чул без разлика кој бил Градоначалник, еве да не велиме дека само од оваа страна или од друга страна. Значи Јас не сум чул некој пат да рекла тука да излезе, дали кога ќе сум бил советник, дали онака кога ќе сум гледал некоја седница како граѓанин да излезе и да каже дека ама има нешто еве не оди баш има некаков проблем и така натаму. Се е добро секогаш, 20 години.

Советничка Александра Евтимова: Како и да е, Ние тука алудираме на разликата помеѓу зголемувањето и разликата на буџетот и разликата што се зголемува нон стоп долгот. Буџетот е општо лошо проектиран и затоа се јавуваат тие разлики на приходи, се зголемуваат расходите.

Претседател на Советот Гоце Василев: Само да Ви кажам една информација, а после можете да ја проверите. Најзадолжена држава во светот ако Ве прашам која е, нема да знаете или може некој знае. Америка и тоа внатрешен долг, од граѓаните, од патриотите што си ја сакат државата. Не значи ако е задолжена и ако има долгови дека не треба да се развива. А е најдемократско во исто време, најпосакувана и сето тоа. Така да тоа долговите се една работа, извршувањето на буџетот е друга работа, градењето е трета работа. Така да мислам ова треба да се поздрави. Зоран колегата рече дека е фиктивно. Не знам шо му значи тоа фиктивно, измислено нешто или замислено ама тоа сигурно дека е 77 односно 76,90 и тоа заклучно со септември, сега е веројатно и 85 на 22 октомври. Така да мислам дека е за поздрав и дека треба да го поддржите, да не гласате против, како препорака.

Советник Венцо Вуинов: Јас искрено да Ви кажам на овој Совет ќе научам многу нови работи. Од тоа дека камиончето треба да тече кога собира отпад, до сега дека е добро да бидеме задолжени од Вас. Јас поинаку размислувам. Во една фамилија би било убаво да нема долгови во едно семејство. Мислам дека е подобро така. Претседателе, не се согласувам со тебе баш тука ама можеби сум Јас бил во забуна, па може ќе научам нешто ново и еве ќе си знам за понатака.

Претседател на Советот Гоце Василев: Макроекономија од Такифити на 77 страна, ќе видиш што пишува.

Градоначалник Митко Костадиновски: Ако сакаш да земеш кредит иди секој вработен што е на државно, прашај го да видиш дека не може да ти биде жирант, а запрашај се за што. Еве сега да сакаш иди во банката кредит да земеш, иди каде сакаш и кај Наши и кај Ваши

да ти бидеш жирант дали ќе се нафати, не. Ќе се нафатат сите ама не може да живеат, а зошто.

Направена е пауза во 12,35 часот.

Седницата продолжи со работа во 12,50 часот.

По исцрпување на дискусијата, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 1 и го стави на гласање Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Виница за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 30.09.2026 година (трет квартал).

Од присутните 15 советници, со 9 гласа ЗА и 6 гласа ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Виница за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 30.09.2026 година (трет квартал).

2-ра точка од Дневниот ред е Квартален извештај за достасани ненамирени обврски на општина Виница за квартал од 01.01.2026 година до 30.09.2026 година (трет квартал).

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 2 од Дневниот ред.

Претседателот на Советот Гоце Василев, Претседател и на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, истакна: Оваа точка беше разгледана на Комисијата за финансирање и буџет. Имаше претставник од Локалната самоуправа и со 3 гласа ЗА и 2 гласа ПРОТИВ, предлагаме на Советот да биде усвоен.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 2 од Дневниот ред.

Образложение по точката даде Раководителот на одделението за финансиски прашања Јулија Манасиева, која истакна: Во овој извештај се искажани доспеаните неизмирени обврски на општина Виница заклучно со 30 септември 2026 година. Вкупниот износ на доспеани неизмерени обврски е 58.309.000 денари, од кои што обврски до 30 дена се 6. 552.000 денари, обврски до 60 дена 1.881.000, обврски над 60 дена се 49.874.000. Утужени обврски општината нема. Додека пак недоспеани обврски кои не влегуваат во овој извештај се 84.898,000 денари, од кои што како што кажав и претходно најголем дел се однесуваат за капиталните проекти од кои што средствата се обезбедени од соодветните Министерства и се трансферираат како капитален трансфер.

По исцрпување на дискусијата, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 2 и го стави на гласање Кварталниот извештај за достасани ненамирени обврски на општина Виница за квартал од 01.01.2026 година до 30.09.2026 година (трет квартал).

Од присутните 15 советници, со 9 гласа ЗА и 6 гласа ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Кварталниот извештај за достасани ненамирени обврски на општина Виница за квартал од 01.01.2026 година до 30.09.2026 година (трет квартал).

3-та точка од Дневниот ред е Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и Јавните претпријатија основани од општините (трет квартал).

Претседателот на Советот Гоце Василев, Претседател и на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, истакна: И оваа точка беше разгледана на Комисијата за финансирање и буџет, имаше претставник од општината и со 5 гласа ЗА, предлагаме на Советот да биде усвоен.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 3 од Дневниот ред.

Образложение по точката даде Раководителот на одделението за финансиски прашања Јулија Манасиева, која истакна: Општина Виница и Јавните претпријатија основани од општина Виница немаат кредити. Два кредити кои што ги имаше земено општина Виница, едниот за набавка на специјални возила за собирање на отпад, последната рата беше исплатена во август 2025 година, а за кредитот за атмосферска канализација и изградба на улица во индустриска зона, последната рата за овој кредит беше исплатен во 2026 година во месец февруари.

По исцрпување на дискусијата, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 3 и го стави на гласање Кварталниот извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и Јавните претпријатија основани од општините (трет квартал).

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Кварталниот извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и Јавните претпријатија основани од општините (трет квартал).

4-та точка од Дневниот ред е Измена на План на Програми за развој за период од 01.01.2026 до 31.12.2026 година.

Претседателот на Советот Гоце Василев, Претседател и на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, истакна: Оваа точка беше разгледана на Комисијата за финансирање и буџет. Имаше претставник од општината и со 5 гласа ЗА, предлагаме на Советот да биде усвоен.

Претседателот на Советот даде збор на претставникот на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите Марија Миланова.

Советничката Марија Миланова како Претседател на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, истакна: На 9 седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите имаше претставник од финансии, беше разгледана Изменатa на Планот за програми за развој за периодот од 01.01.2026 до 31.12.2026 година, со 3 гласа ЗА и 2 гласа ПРОТИВ, се предлага до Советот да биде усвоен.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 4 од Дневниот ред.

Раководителот на одделението за финансиски прашања Јулија Манасиева, истакна: Се предлага Измена и дополнување на Планот на програми за развој за 2026 година, а со нивното усвојување тие стануваат составен дел на Ребалансот на буџетот на општина Виница за 2026 година. Најголем дел од овие Програми се однесуваат на инфраструктурните проекти кои што се финансираат преку капитални трансфери. Како што знаете Општина Виница има вкупно 15 вакви проекти, од кои што два се од Повикот од 2024 година, а останатите 13 проекти се од Повикот од 2025 година. Од првиот Повик целосно е реализиран еден проект. Тоа е регулација на речно корито Градечка река. Проектот е целосно завршен и исплатен, а додека вториот проект е регулација на Виничка река. Проектот беше започнат со реализација, исплатена е една ситуација завршени работи за 2.599.000 денари. Меѓутоа изведувачот не ги реализира работите согласно Договорот, па поради тоа беше раскинат Договорот. Повторно се распиша нов тендер, се избра нов изведувач на работите и работите продолжуваат за регулација на Виничка река. Така да сега за оваа Програма, се планираат за 2026 година 17.023.000 денари, кои што се од Министерството за животна средина, а буџетското учество од 1.248.000 денари, се планира за 2027 година. Оваа Програма сега се додава во Развојните програми, бидејќи претходно немаше се до изборот на новиот изведувач, не беше ставена како Развојна програма. Втората Програма со која што се дополнуваат Развојните програми е реконструкција на улица „Ванчо Прке“, таа беше ставена како едногодишна Програма меѓутоа сега во 2026 година, се планираат 4.833.000 денари, а за 2027 буџетското учество од 689.000 денари. Се брише Развојна програма бидејќи станува едногодишна. Не се брише целосно како инвестиција туку само како Развојна програма. Тоа е реконструкција на улица Раде Кратовче, Кочо Рацин, улица Пролетерска, улица Ѓорче Петров или тоа е Блок 8. Сега таа станува едногодишна. А се менуваат шест Развојни програми. Едната е реконструкција на општински локален пат делница Блатец-Детлово. Промената е најмногу заради тоа што инвестицијата е завршена целосно и некои проекти се завршени под договорената вредност, па се сега точно износот внесува колку е целата инвестиција колку изнесува. Тоа е реконструкција на делница Блатец - Детлово. Другата Програма е реконструкција на кров на административна зграда на општина Виница, Реконструкција на дел од улица село Јакимово, Реконструкција на улица во село Блатец и Реконструкција, рехабилитација на улици во Виница и населени места. За Развојната програма Изградба на отворен канал за регулација на Кајанечки дол во село Истибања, во материјалите беше ставена вкупна вредност од 19.536.000 денари, меѓутоа бидејќи се појавија дополнителни работи на терен, со Анекс е зголемена вредноста на проектот на 23.444.000 денари, за 2026 година не се менува вредноста која што е наведена во Развојната програма, а тоа е 17.521.000. Се менува остатокот за 2027 и сега од 2.014.000, станува 5.922.000 денари и ова не е буџетско учество туку и овие се средства кои што ќе бидат трансферирани од Министерството за животна средина.

По исцрпување на дискусијата, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 4 и ја стави на гласање Измената на План на Програми за развој за период од 01.01.2026 до 31.12.2026 година.

Од присутните 15 советници, 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Измената на План на Програми за развој за период од 01.01.2026 до 31.12.2026 година.

5-та точка од Дневниот ред е Предлог-Буџет за изменување и дополнување на буџетот на општина Виница за 2026 година (втор Ребаланс на буџетот).

Претседателот на Советот Гоце Василев, Претседател и на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, истакна: Оваа точка беше разгледана на Комисијата за финансирање и буџет. Имаше претставник од Локалната самоуправа, со 3 гласа ЗА и 2 гласа ПРОТИВ, предлагаме на Советот да биде усвоено.

Претседателот на Советот даде збор на претставникот на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите Марија Миланова.

Советничката Марија Миланова како Претседател на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, истакна: И на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите имаше претставник, беше разгледан Предлог-буџетот за изменување и дополнување на буџетот на општина Виница за 2026 година или втор Ребаланс на буџетот. Со 3 гласа ЗА и 2 гласа ПРОТИВ, се предлага до Советот да биде усвоен.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 5 од Дневниот ред.

Раководителот на одделението за финансиски прашања Јулија Манасиева, истакна: Се предлага буџет за изменување и дополнување на буџетот на општина Виница за 2026 година и тоа од неколку причини. Првата потреба од Ребаланс се појави со тоа што општина Виница заклучно со третиот квартал оствари реализација на сопствените приходи од 85,38%. Тоа значи дека согласно законот за финансирање на единиците на локална самоуправа доколку општината оствари повеќе од 75% од сопствените приходи, може да ги планира сопствените приходи со дополнителен пораст од најмногу 20% од просечно остварените приходи во последните три години. Поради ова максималниот износ на сопствени приходи кој што може да го планира општина Виница за 2026 година сега со Ребалансот изнесува 90.664.000 денари, односно се зголемува за 13.948.000 денари. Со писма од Министерството за финансии бевме известени и за зголемување на дотацијата, која што сега изнесува 53.933.000 денари, зголемување на блок дотацијата во социјалната заштита, детска градинка за 360.000 денари и намалување на наменската дотација за активности од пожарникарството за 2 милиони денари и сега изнесува 9 милиони денари. И третата причина беше реализацијата на инфраструктурните проекти кои што се финансираат со капиталните трансфери од соодветните Министерства, каде што се зголемуваат капиталните трансфери за 31.425.000 денари и сега изнесуваат 127.669.000 денари. Со овие измени, вкупниот буџет кој што се предлага за 2026 година е 622.627.000 денари, односно се зголемува за 42.453.000 денари. Од тоа во вкупниот буџет, основниот буџет изнесува 46,67% или вкупно 290.549.000 денари. Имаме зголемување од 45.589.000 денари. Буџетот на дотациите пак се намалува за 1.639.000 денари и сега изнесува 290.988.000 денари или во структурата на вкупниот буџет 46,7%. Буџетот на самофинансирачките активности се зголемува за 1.127.000 денари и изнесува 15. 350.000 или 2,46% од вкупниот буџет. И буџетот на донации се намалува за 2.623.000 денари и изнесува 25.739.000 денари или 4,3% од вкупниот буџет. Во приходниот дел на основниот буџет имаме зголемување кај даночните приходи и тоа за 14.402.000 денари, кај капиталните приходи за 788.000 денари, трансферите се зголемуваат за 31.640.000 денари, а се намалуваат неданочните приходи за 1.242.000 денари. Во расходниот дел на основниот буџет тековно оперативните расходи се зголемуваат за 15.021.000 денари и изнесуваат 134.986.000 или 46,46% во однос на вкупниот основен буџет, а капиталните расходи се зголемуваат за 30.567,000 денари и изнесуваат 155.562.000 или 53,5% во однос на вкупниот основен буџет.

Советник Зоран Стоименов: Со вториот Ребаланс, вкупниот буџет се зголемува од околу 580 милиони на 622 милиони денари, односно за повеќе од 42 милиони. На прв поглед поголем буџет звучи добро, но поголем буџет не значи секогаш автоматски подобар живот. Моето прво прашање е до Општинската администрација, кои конкретни резултати ќе ги видат граѓаните од ова зголемување од 42 милиона денари и колкав дел од овие средства реално ќе

бидат реализирани до 31 декември? Потоа исто околу долгот на општина Виница. Каков е планот за отплата на долгот од тие над 58 милиони денари доспеани обврски, односно дали со овој Ребаланс се предвидуваат средства за расчистување на долговите кон локалните фирми, односно добавувачи. И трета забелешка што ми паѓа во очи околу намалувањето на наменската дотација за активности од пожарникарството за 2 милиони денари, односно од 11 на 9 милиони денари. Мислам дека недозволиво е со овој Ребаланс, наменската дотација за противпожарникарски активности, да се намалува. Дали ова ќе влијае врз опременоста, горивото, оперативната подготвеност на пожарникарите и секако не треба безбедноста на граѓаните да ја доведеме како предмет на буџетски кратења.

Претставникот Јулија Манасиева, одговори: Најголем дел од ова зголемување, околу 30 милиони, рековме дека се однесуваат за капитални инвестиции и секако тоа е бенефит за сите граѓани. Изградба на улици, патишта, канализации, водоводи, а од друга страна голем дел се планира и за разни трансфери, а тоа се оние средства кои што останаа неисплатени по Одлуки донесени од Советот на општината, кои што се однесуваат најмногу за прваче, не се исплатени овие средства и немаше доволно во првиот буџет па и во првиот Ребаланс. Сега се планираат исплата на првачињата, средствата за првачиња, потоа оние што беа доделени ваучери за меѓународни натпревари прво, второ и трето место за учениците. Овие средства се исто планираат да бидат исплатени и тие веднаш ќе бидат исплатени по вчитувањето на Ребалансот. Околу дотацијата за пожарникарите, тоа е од страна на Министерството за одбрана. Со буџетскиот циркулар од Министерството за финансии имаме добиено известување дека од 11 милиони се намалуваат за 2 милиони. Овие средства се планирани сега од основниот буџет да се дофинансираат платите и сите други трошоци кои што се потребни за да може редовно да функционира Противпожарната единица во Виница. Нема да трпи оваа единица во тој дел, ниту во делот на платите, ниту во опремата. Долгот секако со зголемувањето на буџетот, општината може да ги троши средствата. Штом се избуџетирани, ќе се раздолжува. Со плаќањата кон добавувачите се намалува долгот.

Советничка Марина Костов: Од овој Ребаланс на буџет и од објаснувањето на Раководителот, малку ми падна во очи тоа дека сега ќе бидат исплатени парите за првачињата, а Ние еднаш правевме Ребаланс на буџетот во мај, јуни. Зошто тогаш не се предвидени тие пари затоа што првачињата тргнуваат во септември на школо.

Претставникот Јулија Манасиева, одговори: Немавме број колку првачиња ќе се и списоци. Дури после во октомври ни дадоа.

По исцрпување на дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 5 и го стави на гласање Предлог-Буџетот за изменување и дополнување на буџетот на општина Виница за 2026 година (втор Ребаланс на буџетот).

Од присутните 15 советници, со 9 гласа ЗА и 6 гласа ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го донесе Буџетот за изменување и дополнување на буџетот на општина Виница за 2026 година (втор Ребаланс на буџетот).

6-та точка од Дневниот ред е План на Програми за развој за период од 01.01.2027 до 31.12.2027 година.

Претседателот на Советот Гоце Василев, Претседател и на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, истакна: Оваа точка беше разгледана исто така на Комисијата за финансирање и буџет, имаше претставник од Локалната самоуправа и со 5 гласа ЗА, предлагаме на Советот да биде усвоена.

Претседателот на Советот даде збор на претставникот на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите Марија Миланова.

Советничката Марија Миланова како Претседател на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, истакна: И на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите имаше претставник од финансии, беше разгледан Планот на програми за развој за периодот 01.01.2027 до 31.12.2027 година. Со 5 гласа ЗА, го предлагаме до Советот да биде усвоен.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 6 од Дневниот ред.

Раководителот на одделението за финансиски прашања Јулија Манасиева, истакна: Согласно законот, Планот на програми за развој треба да биде усвоен до 15 ноември 2026, а за 2027 година се однесуваат овие Развојни програми. Со овој План на програми за развој се предлагаат седум развојни програми и тоа се оние проекти кои што се реализираат веќе во

2026 година, а финансирањето ќе продолжи во 2027 година. Во најголем дел од овие Програми буџетското учество е оставено за 2027 година и тоа би биле следниве развојни Програми: Реконструкција на општински локален пат Делница Блатец - Детлово. Иако е завршен целосно овој проект, за 2027 се планираат 3.416.000 денари. За реконструкција на улица во село Блатец исто така целосно реализиран. За 2027 се планира износ од 768.000 денари. Реконструкција на улица Ванчо Прке за 2027 останува исто буџетското учество од 689.000 денари. Кај регулација на речно корито Виничка река за 2027 се планираат 1.248.000 денари. Кај изградба на отворен канал за регулација на Кајанечки дол во село Истибања, како што рековме сега се менува износот од 2.014.000 на 5.922.000 денари. Партерно уредување на градски пазар во Виница за 2027 остануваат за исплата 1.509.000 денари. И последната е реконструкција и рехабилитација на улици во Виница и населени места 24.098.000 денари се планираат во 2027 година. Доколку за претходните Програми кои што ги спомнавме во 2026 кои што треба да бидат завршени со финансирањето, не се префрлат средства од страна на Министерствата на наменските сметки, не бидат исплатени, ќе бидат овој План на програми за развој пред усвојувањето на буџетот за 2027 година ќе претрпи измени.

По исцрпување на дискусијата, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 6 и го стави на гласање Планот на Програми за развој за период од 01.01.2027 до 31.12.2027 година.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Планот на Програми за развој за период од 01.01.2027 до 31.12.2027 година.

31-ва точка од Дневниот ред е Барање Согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2026 година на СОУ „Ванчо Прке“-Виница.

Претседателот на Советот Гоце Василев, истакна: Оваа точка е како итна закачена денеска, не е помината на Комисија така да образложение директно ќе даде директорот на СОУ „Ванчо Прке“.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 31 од Дневниот ред.

В.д.директорот на СОУ „Ванчо Прке“-Виница Зоранчо Ангелов, истакна: Ние имаме поднесено План за вработување за 2026 година. Можеби доцниме со тоа, но сме затечени во некоја ситуација дека немаме секретар, односно секретарката Наша си даде оставка и сега сме без секретар кој по закон за јавна администрација е назначен благајникот како овластен да ги работи тие работи, ама колку може, колку има знаење околу тие работи и затоа имаме проблеми и имаме голема потреба од вработување на секретар. Во Нашата систематизација претходна сега што имаме постојната таму пишува високо образование и сега го сменивме тоа ќе оди на усвојување новата систематизација, каде наместо секретар ставиме правен факултет. Да не се играме, Ние некој од професорите ќе остане без часови некогаш и ќе го ставиме секретар и пак ќе си имаме проблеми. Така да уште сега го тоа сменивме. Но да дојдеме до тој секретар со правен факултет, Ние мора да поминеме преку овој План за вработување за администрација за 2026 година. Ние имаме поднесено еден План, тоа е за хигиеничари, но не е предвидено ова и сега го дополнуваме со оваа измена. Мислам дека ќе биде, сега некој ме советува дека е краток период да се дојде до тој оглас, но Ние ќе се потрудиме. Ако го испуштиме сега па во 2027 ќе биде. Но имаме да знаете проблем и околу тие работи секретарските особено сега во овој период. Можеби после некој пат опадне обемот на работа на секретарот, но сега имаме доволно. Па така со консултација со Локалната со правници, со Агенции за вработување каде имаме некои проблеми, консултираме се и ги решаваме проблемите колку можеме да ги решиме. Сега Ние мислиме дека ги решаваме. Може некој и на Нас ќе ни најде мана некоја правна. Мислам околу текстовите што ги изготвуваме тие документи. Тоа е до Нас, доставено е. Па сега Вие треба тоа да го усвоите за да оди на понатамошно барање согласности по Министерства други.

По исцрпување на дискусијата, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 31 и го стави на гласање Барањето Согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2026 година на СОУ „Ванчо Прке“-Виница.

Од присутните 15 советници, со 12 гласа ЗА, 1 глас ВОЗДРЖАН, 2 советници се изземаат од гласање, Советот донесе Одлука за давање Согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2026 година на СОУ „Ванчо Прке“-Виница.

7-ма точка од Дневниот ред е Предлог-Одлука за дополнување на Програма за работа во областа на располагањето за градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Виница за 2026 година.
Претседателот на Советот му даде збор на претставникот на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата Трајан Сарафимов.
Советникот Трајан Сарафимов како Претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата, истакна: Комисијата за урбанизам ја разгледа оваа Предлог-Одлука на вчерашната седница и со 4 гласа ЗА и 1 не гласал, ја прифативме и предлагаме на Советот да ја изгласа.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 7 од Дневниот ред.
Раководителот на Секторот за нормативно-правни и општи работи Виолета Михајлова, истакна: Со оваа Предлог-Одлука се предлага дополнување на Програмата за располагање во областа на градежното земјиште која што ја донесовте во месец јуни. Се дополнува со една градежна парцела. Во описот Ви е дадено дека тоа е градежна парцела со намена А1 домување во станбени куќи со површина од 433 метри квадратни. За да може да биде ставена на јавно надавање на аукција, најпрво треба да биде дел од Програмата. Ако имате некое дополнително прашање.

По исцрпување на дискусијата, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 7 и ја стави на гласање Предлог-Одлуката за дополнување на Програма за работа во областа на располагањето за градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Виница за 2026 година.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот донесе Одлука за дополнување на Програма за работа во областа на располагањето за градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Виница за 2026 година.

9-та точка од Дневниот ред е Барање од ООУ „Славчо Стојменски"-Виница за отповикување на претставник во Училишен одбор (Предлог-Решение за разрешување).
Претседателот на Советот му даде збор на претставникот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања Орце Христовски.
Советникот Орце Христовски како Претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, истакна: Комисијата ја разгледа точката Барање со Предлог-Решение за разрешување од ОУ „Славчо Стојменски"- Виница за отповикување на претставник во Училишниот одбор на Тони Давитковски поради неоправдано отсуство на три последователни седници, со 5 гласа ЗА, ја усвои и му предлага на Советот да ја усвои.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 9 од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 9 и го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување на Тони Давитковски од член на Училишен одбор на ООУ „Славчо Стојменски"- Виница поради неоправдано отсуство на три последователни седници.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот донесе Решение за разрешување на Тони Давитковски од член на Училишен одбор на ООУ „Славчо Стојменски"- Виница.

10-та точка од Дневниот ред е Барање од ООУ „Славчо Стојменски"-Виница за избор на претставник во Училишен одбор (Предлог-Решение за именување).
Претседателот на Советот му даде збор на претставникот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања Орце Христовски.
Советникот Орце Христовски како Претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, истакна: Комисијата ја разгледа и оваа точка Барање со Предлог-Решение за именување на член на Училишниот одбор во ОУ „Славчо Стојменски"-Виница, со 3 гласа ЗА и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, ја усвои. До Советот го предлага следниот кандидат: Тодорчо Николов со завршено високо образование, факултет за физичко образование и здравје, дипломиран професор по спорт и спортски активности, вработен во ОУ „Гоце Делчев"-Виница, со работно искуство од над шест години.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 10 од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 10 и го стави на гласање предлогот од Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања за именување на Тодорчо Николов со завршено високо образование, факултет за физичко образование и здравје, за член на Училишниот одбор во ОУ „Славчо Стојменски“-Виница.

Од присутните 15 советници, со 9 гласа ЗА и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои предлогот и донесе Решение за именување на Тодорчо Николов за член на Училишниот одбор во ОУ „Славчо Стојменски“-Виница.

11-та точка од Дневниот ред е Барање Согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“ - Виница.

Претседателот на Советот му даде збор на претставникот на Комисијата за статут и прописи Кристина Костадиновска.

Советничката Кристина Костадиновска како Претседател на Комисијата за статут и прописи, истакна: На 8 седница на Комисијата за статут и прописи оваа точка беше разгледана, имаше претставник од библиотеката и со 5 гласа ЗА, се предлага на Советот да биде усвоена.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 11 од Дневниот ред.

Директорот на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“-Виница Верица Атанасова, истакна: Законска регулатива е кога ќе излезе некоја нова измена во законот за култура, Ние да ја примениме во библиотеката и да направиме законски да биде се во ред кај Нас. По таа основа на 1 јули 2025 имаме измена на законот за култура во делот на англискиот јазик и поради тоа направивме измена во Статутот каде што мораме да направиме измена на Статутот. Изменатa се однесува во член 14 став 5, каде што досега требаше да има кандидатот за директор мораше да има или Иелц или Кет или Аптист или Тојфил, но сега е воведено во новиот закон за култура дека може да има или Уверение или Потврда, со кое се потврдува познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија, односно англиски, француски или германски на најмалку ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици издадени од установа или институција во државата или странство регистрирано како давател на услуга освен за наставници кои ги предаваат предметите англиски јазик, француски или германски. Само се однесува во став 5 од член 14 во Статутот. Ова е таа измена во делот на јазиците, не конкретно на англиски, туку за сите јазици, англиски, германски и француски јазик.

По исцрпување на дискусијата, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 11 и го стави на гласање Барањето Согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“ - Виница.

Од присутните 14 советници, 1 советник не е присутен, со 14 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот донесе Одлука за давање Согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“ - Виница.

12-та точка од Дневниот ред е Оставка од Снежана Гаврилова од член на Управен одбор на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“-Виница (Предлог-Решение за разрешување).

Претседателот на Советот му даде збор на претставникот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања Орце Христовски.

Советникот Орце Христовски како Претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, истакна: Комисијата ја разгледа точката Барање со Предлог-Решение за разрешување на Снежана Гаврилова член на Управниот одбор на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“-Виница како претставник од редот на вработените и со 5 гласа ЗА, ја усвои и му предлага на Советот да ја усвои.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 12 од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 12 и го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување на Снежана Гаврилова од член на Управен одбор на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“-Виница на свое барање и предлогот од Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои предлогот и донесе Решение за разрешување на Снежана Гаврилова од член на Управен одбор на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“-Виница.

13-та точка од Дневниот ред е Предлог-Решение за именување член на Управен одбор на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“-Виница.

Директорот на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“-Виница Верица Атанасова, истакна: Ако немате сега конкретно некој предлог, Ние како Библиотека моментално немаме потреба од 5 членови во Управниот одбор во Библиотеката затоа што имаме четири. Мислам дека можеме да функционираме така. Ако има потреба за некоја наредна седница ќе доставиме предлог.

Точката е повлечена од Дневниот ред од страна на предлагачот.

25-та точка од Дневниот ред е Барање Согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2027 година на ОУ Дом на културата „Тошо Арсов“-Виница.

Претседателот на Советот му даде збор на претставникот на Комисијата за статут и прописи Кристина Костадиновска.

Советничката Кристина Костадиновска како Претседател на Комисијата за статут и прописи, истакна: Исто така и оваа точка беше разгледана на Комисијата за статут и прописи. Имаше претставник од Домот на културата „Тошо Арсов“ и со 3 гласа ЗА и 2 гласа ПРОТИВ, предлагаме на Советот да ја усвои.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 25 од Дневниот ред.

Директорот на ОУ Дом на културата „Тошо Арсов“-Виница Александра Давиткова, истакна: Почитуван Претседателе, почитувани советници, почитувана Виничка јавност, доставивме Барање за измена на Годишниот план за вработување од причини што по внимателно разгледаните можности што ги нуди Министерството за култура со отворениот конкурс за нови проекти за 2027 година. Нашите планови да аплицираме во делот на драмска дејност не се во согласност со очекуваното и од тие причини во рамките со истата финансиска импликација, одлучивме да ја замениме издавачката дејност со драмска дејност, со тоа што двете дејности во Домот на култура ќе бидат покриени со лица вработено од драмска дејност. Тоа е се. Доколку некој има прашања.

Советничка Александра Евтимова: Само пред два месеци, Вие имавте Годишен план за вработување каде што баравте стручен соработник за издавачка дејност и сега во рок од два месеци Вие сметате дека треба да се замени со стручен соработник за драмска дејност. Дали тоа е реалната потреба на Домот на културата или е потребно некое партиско вработување?

Директорот Александра Давиткова, одговори: Јас кажав дека реалната потреба на Домот на култура е да се пополнат сите работни места кои се однесуваат на дејностите од Домот на култура. Тоа е издавачка дејност ни е слободна и драмска дејност, со тоа што сега се повторувам, со тоа што кажав дека она што е понудено како финансиска поддршка за 2027 година, не соодветствува со Нашите планови за создавање на драмско студио. Од тие причини одлучивме дека е подобро да се замени со драмска дејност, стручен соработник да влезе со драмска дејност, со тоа што не станува збор за партиски импликации, затоа што драмската и издавачката дејност се дејности на чие работно место аплицираат исти апликанти, а тоа се и драмска дејност и македонски јазик, книжевност. Така да нема промени ниту во образованието на луѓето што ќе влезат, ниту во финансиските оптоварувања на Домот во однос на претходниот усвоен План.

По исцрпување на дискусијата, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 25 и го стави на гласање Барањето Согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2027 година на ОУ Дом на културата „Тошо Арсов“-Виница

Од присутните 15 советници, со 9 гласа ЗА и 6 гласа ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот донесе Одлука за давање Согласност на Измена на Годишен план за вработување за 2027 година на ОУ Дом на културата „Тошо Арсов“-Виница.

14-та точка од Дневниот ред е Предлог за разрешување на еден претставник од родителите во Управниот одбор на Општинската Јавна установа за деца детска градинка „Гоце Делчев“ - Виница (Предлог-Решение за разрешување).

Претседателот на Советот му даде збор на претставникот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања Орце Христовски.

Советникот Орце Христовски како Претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, истакна: Комисијата ја разгледа и оваа точка Барање со Предлог-Решение за разрешување на член на Управниот одбор на ОЈДГ детска градинка „Гоце Делчев“- Виница на Тони Арсов, како претставник од родителите и со 5 гласа ЗА, ја усвои и му предлага на Советот да ја усвои.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 14 од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусијата, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 14 и го стави на гласање Предлог-Решение за разрешување на Тони Арсов член на Управниот одбор на детската градинка „Гоце Делчев"- Виница по предлог од Советот на родители во детската градинка.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои предлогот и донесе Решение за разрешување на Тони Арсов од член на Управниот одбор на Детската градинка „Гоце Делчев"- Виница.

15-та точка од Дневниот ред е Барање од Панче Данев од Виница на финансиска помош поради лоша материјална положба.

Претседателот на Советот Гоце Василев, Претседател и на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, истакна: Оваа точка беше разгледана на Комисијата за финансирање и буџет и со 5 гласа ЗА, бараме да му се одобри помош од 3.000 денари.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 15 од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 15 и го стави на гласање предлогот од Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој за одобрување на финансиска помош во висина од 3.000 денари.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои предлогот и донесе Одлука за одобрување финансиска помош на Панче Данев од Виница, поради лоша материјална положба во висина од 3.000 денари.

22-ра точка од Дневниот ред е Предлог-Одлука за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште, улици и патишта во општина Виница за 2026 година.

Претседателот на Советот му даде збор на претставникот на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата Трајан Сарафимов.

Советникот Трајан Сарафимов како Претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата, истакна: И оваа Предлог-Одлука Комисијата за урбанизам на вчерашната седница едногласно ја прифати. Предлагам и Советот да ја прифати.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 22 од Дневниот ред.

Помошник Раководителот на Секторот за комунални и јавни дејности Мирко Ристов, истакна: Оваа Предлог-Одлука произлегува од Правилникот од јуни месец и ништо не е ново освен преточено од Правилникот, меѓутоа мора да се усвои преку општина Виница. Целта е степенот на уреденост е објаснето и да се даде можност на тие што немаат пристапен пат да и се даде Одобрение, со тоа што ќе платат сега 70% од комуналиите, а 30% кога ќе и се уреди улицата. Законот предвидува и сами да си го уредат, меѓутоа сами нема да го уредат, ама можат да си обезбедат пристап од комшија, од било што да можат да пристапат до парцелата.

По исцрпување на дискусијата, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 22 и ја стави на гласање Предлог-Одлуката за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште, улици и патишта во општина Виница за 2026 година.

Од присутните 15 советници, со 14 гласа ЗА, 1 присутен советник не гласа, Советот донесе Одлука за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште, улици и патишта во општина Виница за 2026 година.

16-та точка од Дневниот ред е Барање од Стојанка Воинова од с.Градец, Виница на финансиска помош, за лекување.

Претседателот на Советот Гоце Василев, Претседател и на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, истакна: И оваа точка беше разгледана на Комисијата за финансирање и буџет и со 5 гласа ЗА, одобрена и е помош од 3.000 денари, согласно документацијата што ја има приложено.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 16 од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 16 и го стави на гласање предлогот од Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој за одобрување на финансиска помош во висина од 3.000 денари.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои предлогот и донесе Одлука за одобрување финансиска помош на Стојанка Воинова од с.Градец, Виница, за лекување во висина од 3.000 денари.

17-та точка од Дневниот ред е Барање од Здравка Царева од Виница на финансиска помош, за лекување на дете.

Претседателот на Советот Гоце Василев, Претседател и на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, истакна: И оваа точка беше разгледана на Комисијата за финансирање и буџет и со 5 гласа ЗА, беше одобрена помош од 6.000 денари.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 17 од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 17 и го стави на гласање предлогот од Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој за одобрување на финансиска помош во висина од 6.000 денари.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои предлогот и донесе Одлука за одобрување финансиска помош на Здравка Царева од Виница, за лекување на дете во висина од 6.000 денари.

18-та точка од Дневниот ред е Барање од Ванчо Трајков од Виница, за одобрување приклучок на вода.

Претседателот на Советот му даде збор на претставникот на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата Трајан Сарафимов.

Советникот Трајан Сарафимов како Претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата, истакна: Барањето од Ванчо Трајков од Виница за одобрување приклучок за вода, Комисијата за урбанизам го разгледа и едногласно го одобри. Предлагам и Советот да го одобри.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 18 од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 18 и го стави на гласање Барањето од Ванчо Трајков од Виница, за одобрување приклучок на вода.

Од присутните 15 советници, со 14 гласа ЗА, 1 советник се иззема од гласање, Советот го усвои Барањето од Ванчо Трајков од Виница, за одобрување приклучок на вода.

19-та точка од Дневниот ред е Разгледување и донесување на Одлука по Барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Барателот Драгица Каранфилова од с.Градец, Виница.

Претседателот на Советот му даде збор на претставникот на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата Трајан Сарафимов.

Советникот Трајан Сарафимов како Претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата, истакна: Барањето од Драгица Каранфилова за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, Комисијата едногласно го прифати. Предлагам и Советот да го одобри.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 19 од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 19 и го стави на гласање Барањето за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Барателот Драгица Каранфилова од с.Градец, Виница.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Барањето за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Барателот Драгица Каранфилова од с.Градец, Виница.

20-та точка од Дневниот ред е Разгледување и донесување на Одлука по Барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Барателот Васко Тодоров и Борчо Тодоров од с.Крушево, Виница.

Претседателот на Советот му даде збор на претставникот на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата Трајан Сарафимов.

Советникот Трајан Сарафимов како Претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата, истакна: Исто и Барањето на Васко Тодоров и Борче Тодоров од с. Крушево, Комисијата за урбанизам едногласно го прифати. Предлагаме Советот да го прифати.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 20 од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 20 и го стави на гласање Барањето за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Барателот Васко Тодоров и Борчо Тодоров од с.Крушево, Виница.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Барањето за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Барателот Васко Тодоров и Борчо Тодоров од с.Крушево, Виница.

По направената пауза во 14,00 часот, седницата продолжи со работа во 14,10 часот.

21-ва точка од Дневниот ред е Разгледување и донесување на Одлука по Барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Барателот Благојчо Илиев од Виница.

Претседателот на Советот му даде збор на претставникот на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата Трајан Сарафимов.

Советникот Трајан Сарафимов како Претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата, истакна: Комисијата за урбанизам го разгледа ова Барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од Барателот Благојчо Илиев од Виница и со 5 гласа ПРОТИВ, го одби барањето.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 21 од Дневниот ред.

Раководителот на одделението за урбанизам Јована Јанева, истакна: Станува збор за помошен објект гаража кој што е изграден на меѓата помеѓу две градежни парцели, од кои едната е целосна сопственост на Република Македонија. За реализацијата на планот, односно за да може да се продава парцелата на јавно надавање, помошниот објект не може да се легализира. Ние како одделение за урбанизам се имаме изјаснето околу тоа, но сега второстепена комисија бара да се изјасни и Советот.

Советник Венцо Вуинов: Не се објасни бидејќи Ние имавме вчера на Комисијата поубаво образложение, да не настане забуна како треба да се гласа.

Претставник Јована Јанева: Да го објасниме пошироко. Виолета го објасни целосната постапка од почеток до крај вчера. Да, таа е веќе одбиена од страна на Комисијата за урбанизам и е одбиен предметот, но Барателот се има жалено на тоа и Жалбата му е одобрена од Второстепената комисија и сега треба да се образложи. Од Советот бараат објаснување зошто се одбива. А ако го легализираме Ние помошниот објект веќе нема да можеме да го продаваме градежниот плац што е, градежната парцела. Жалбата му е одобрена, а не дека му е одобрен предметот. Бидејќи Ние може да продаваме само чисти парцели, без објекти. Сега со оваа Одлука пак ќе си продолжи предметот за легализација, па пак има право тој да се жали, па ќе видиме што ќе биде.

По исцрпување на дискусијата, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 21 и го стави на гласање Барањето за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Барателот Благојчо Илиев од Виница.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот не го усвои Барањето за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Барателот Благојчо Илиев од Виница.

23-та точка од Дневниот ред е Предлог-Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план за усогласување на нумерички податоци за Детален урбанистички план за Блок 8, дел 3, плански опфат помеѓу: ул.Плачковички одред, ул.Пролетерска, ул.Кочо Рацин, и новопланирана ул.2008 - Општина Виница, плански период 2010-2015, со тех.бр.86/10 донесен од Совет на Општина Виница со Одлука бр.07-726 од 27.10.2011 год.

Претседателот на Советот му даде збор на претставникот на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата Трајан Сарафимов.

Советникот Трајан Сарафимов како Претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата, истакна: И оваа Предлог-Одлука Комисијата за урбанизам ја разгледа на вчерашната седница и едногласно ја прифати. Предлагаме Советот да ја прифати.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 23 од Дневниот ред.

Раководителот на одделението за урбанизам Јована Јанева, истакна: Во Деталниот урбанистички план за Блок 8 дел 3, кој што е изработен 2011 година е направена техничка грешка, односно параметрите за градежните парцели во табелите и во графичките прилози не се совпаѓаат. Со цел да се воедначат, мора да се направи техничка исправка, која ја одобрува Советот. Сега во тие постарите планови има стварно некои грешки што се утврдат дури после кога дојде време да се реализира планот и за да продолжиме мора да се исправат.

По исцрпување на дискусијата, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 23 и ја стави на гласање Предлог-Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план за усогласување на нумерички податоци за Детален урбанистички план за Блок 8, дел 3, плански опфат помеѓу: ул.Плачковички одред, ул.Пролетерска, ул.Кочо Рацин, и новопланирана ул.2008 - Општина Виница, плански период 2010-2015, со тех.бр.86/10 донесен од Совет на Општина Виница со Одлука бр.07-726 од 27.10.2011 год.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот донесе Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план за усогласување на нумерички податоци за Детален урбанистички план за Блок 8, дел 3, плански опфат помеѓу: ул.Плачковички одред, ул.Пролетерска, ул.Кочо Рацин, и новопланирана ул.2008 - Општина Виница, плански период 2010-2015, со тех.бр.86/10 донесен од Совет на Општина Виница со Одлука бр.07-726 од 27.10.2011 год.

29-та точка од Дневниот ред е Предлог-Одлука за утврдување на Детален Урбанистички план за дел од Блок 11 во опфат помеѓу ул.„Љупчо Сантов“, ул.„Стив Наумов“, ул.„Мито Хаџивасилев Јасмин“ и крак на ул.„Љупчо Сантов“, КО Виница, Општина Виница.

Претседателот на Советот му даде збор на претставникот на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата Трајан Сарафимов.

Советникот Трајан Сарафимов како Претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата, истакна: И оваа Предлог-Одлука Комисијата за урбанизам едногласно ја прифати. Предлагаме Советот да ја прифати исто.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 29 од Дневниот ред.

Раководителот на одделението за урбанизам Јована Јанева, истакна: Деталниот урбанистички план за дел од Блок 11 е во нацрт фаза. Станува збор за помал блок со површина од 0,78 хектари, а со намена А1 домување во станбени куќи. Сега Јас носам графички прилози ако сака некој да ги погледне. Од тие има два плаца што ќе одат на јавно наддавање што се државни, другите се сите приватни. Сега за продолжување на чекорот, потребно е да се одобри утврдување од Советот и понатаму продолжуваме со јавна анкета и презентација. Таму ги има параметрите ако сака некој да ги види ако е заинтересиран за плацовите државни или слично. Вкупно се 18 плацеви, а 2 има што се чисто државни. Другите имаат дооформување и нешто слично.

По исцрпување на дискусијата, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 29 и ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување на Детален Урбанистички план за дел од Блок 11 во опфат помеѓу ул.„Љупчо Сантов“, ул.„Стив Наумов“, ул.„Мито Хаџивасилев Јасмин“ и крак на ул.„Љупчо Сантов“, КО Виница, Општина Виница.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот донесе Одлука Одлука за утврдување на Детален Урбанистички план за дел од Блок 11 во опфат помеѓу ул.„Љупчо Сантов“, ул.„Стив Наумов“, ул.„Мито Хаџивасилев Јасмин“ и крак на ул.„Љупчо Сантов“, КО Виница, Општина Виница.

24-та Предлог-Одлука за давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“-Виница.

Претседателот на Советот му даде збор на претставникот на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата Трајан Сарафимов.

Советникот Трајан Сарафимов како Претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата, истакна: И оваа Предлог-Одлука Комисијата за урбанизам ја разгледа на вчерашната седница, имаше претставник од Локалната самоуправа и едногласно беше прифатена Предлог-Одлуката. Предлагаме и Советот да ја прифати. Станува збор за примо-предавање на неколку книги према ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“ Виница.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 24 од Дневниот ред.

Градоначалник Митко Костадиновски: Чисто да кажам, тоа се книги што ги нудат на продажба што доаѓаат тука во општината секогаш и Јас мислев така да ги дадеме, но морало така преку Совет да поминат затоа што се се забележува и таму стои дека се купени или дадени. Инаку книгите се за Македонија уште од старо време и сега поново време, убави модерни книги. Подобро велам да ги дадеме во Библиотеката може ќе искористи некој ќе ги земе од колку тука да стојат. Така да затоа е само тоа.

По исцрпување на дискусијата, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 24 и ја стави на гласање Предлог-Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке"-Виница.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот донесе Одлука Одлука за давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке"-Виница.

26-та точка од Дневниот ред е Барање од ОУ Дом на културата „Тошо Арсов"-Виница за разрешување член на Управен одбор (Предлог-Решение за разрешување).

Претседателот на Советот му даде збор на претставникот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања Орце Христовски.

Советникот Орце Христовски како Претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, истакна: Комисијата ја разгледа точката Барање со Предлог-Решение за разрешување на Славо Ѓорѓиев од член на Управен одбор на ОУ Дом на култура „Тошо Арсов"- Виница, поради пензионирање и со 5 гласа ЗА е усвоен и предлага на Советот да ја усвои.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 26 од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 26 и го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување на Славо Ѓорѓиев од член на УО на ОУ Дом на културата „Тошо Арсов"-Виница, поради заминување во пензија.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот донесе Решение за разрешување на Славо Ѓорѓиев од член на УО на ОУ Дом на културата „Тошо Арсов"-Виница.

27-ма точка од Дневниот ред е Барање од Симона Ѓорѓиева Ковачки од Виница на финансиска помош, за лекување во странство.

Претседателот на Советот Гоце Василев, Претседател и на Комисијата за финансирање, буџет и локален економсски развој, истакна: Оваа точка беше разгледана на Комисијата за финансирање и буџет, меѓутоа не беше донесена одлука околу сумата и ја оставивме за Совет.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 27 од Дневниот ред.

По дискусијата колку може да и се одобри согласно Правилникот за критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица, предложено е да се одобрат финансиски средства во висина од 30.000 денари.

По исцрпување на дискусијата, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 27 и го стави на гласање предлогот за одобрување на финансиска помош во висина од 30.000 денари.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот донесе Одлука за одобрување финансиска помош на Симона Ѓорѓиева Ковачки од Виница, за лекување во странство во висина од 30.000 денари.

Советникот Венцо Вуинов даде предлог и тие како советници да помогнат со одредена сума на финансиски средства.

28-ма точка од Дневниот ред е Барање од Билјана Темелкова од Виница на финансиска помош, за лекување.

Претседателот на Советот Гоце Василев, Претседател и на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, истакна: Оваа точка беше разгледана на Комисијата за финансирање и буџет и со 5 гласа ЗА, усвоено е да се одобри финансиска помош од 15.000 денари.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 28 од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 28 и го стави на гласање предлогот од Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој за одобрување на финансиска помош од 15.000 денари.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои предлогот и донесе Одлука за одобрување финансиска помош на Билјана Темелкова од Виница, за лекување во висина од 15.000 денари.

30-та точка од Дневниот ред е Предлог-Решение за именување член на Управен одбор на ОЈУДГ Детска градинка „Гоце Делчев"-Виница.

Претседателот на Советот му даде збор на претставникот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања Орце Христовски.

Советникот Орце Христовски како Претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, истакна дека Комисијата го разгледа дадениот Предлог од Детската градинка „Гоце Делчев"-Виница за именување на Борис Васевски за член на Управниот одбор на Детската градинка, по предлог на Советот на родители и усвои со 3 гласа ЗА и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ. Му предлага на Советот да се именува Борис Васевски, со завршено средно образование фискултурно, моментално невработен, со 9 години работно искуство, за член на УО на Детската градинка „Гоце Делчев"-Виница.

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 30 од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата по точка 30 и го стави на гласање Предлог-Решението за именување на Борис Васевски за член на Управниот одбор на ОЈУДГ Детска градинка „Гоце Делчев"-Виница, претставник од Советот на родители.

Од присутните 15 советници, со 10 гласа ЗА и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ, нема присутни советници кои не гласале, Советот донесе Решение за именување на Борис Васевски за член на Управниот одбор на ОЈУДГ Детска градинка „Гоце Делчев"-Виница.

32-ра точка од Дневниот ред е Советнички прашања.

Најнапред збор зеде претставникот од одделението за човечки ресурси Луиза Алексова, која истакна: Сакам да споделам со Вас две важни информации. 1.Проект URBACT (Патување во Сараево), минатиот месец се реализираше задолжителната активност во рамките на URBACT - службеното патување во Сараево, каде што присуствуваше делегација од Општина Виница заедно со Градоначалникот. Поради неоснованите обвинувања сакам да ги истакнам фактичките состојби. Секое лице беше уредно пријавено од моја страна, а присуството е целосно оправдано и одобрено од раководството на програмата. Тимот работеше три дена, а на 17 септември на свеченият настан за Градоначалници, Градоначалникот присуствуваше со придружба на уште едно лице. Ниту едно лице нема земено дневници, а сите трошоци се 100% покриени директно од URBACT програмата. Буџетот на Општина Виница нема никаков трошок. Посетата беше повеќе од оправдана, бидејќи учеството на вакви европски форуми овозможува директно вмрежување со други општини, размена на искуства за урбан развој и создавање контакти за идни европски фондови. Посебно при реализација на европски проекти се работи со висока одговорност и транспарентност, а сите активности се спроведуваат исклучиво во интерес на развојот на Нашата општина и според строгите европски стандарди. При реализација на европски проекти работиме максимално одговорно, домаќински и според сите европски стандарди. 2.Локален план за Роми, во тек е подготвителната фаза за изработка на Локалниот акционен план за Роми. За оваа цел, ни се потребни две лица од редот на Советот кои ќе земат активно учество во изработката. Ве молам доколку има заинтересирани да се пријават или да предложиме претставници кои ќе бидат дел од работниот тим.

Советничката Марина Костов, истакна дека тие немаат побарано од неа да даде одговор на тоа.

Советникот Златко Постолов истакна дека Симона се заблагодарува за помоштта.

На прашањето од советникот Звонко Вангелов, што се презема со кучињата скитници, Градоначалникот Митко Костадиновски, одговори дека се преземаат мерки во рамките на нивните можности.

Советничката Марина Костов праша колку од донесените Одлуки се исплатени и дали до крајот на годината може да се исплатат.

Градоначалникот Митко Костадиновски, одговори дека се исплаќаат, но ќе се види на крајот на годината колку и дали сите ќе се исплатат.
На прашањето од советничката Марија Миланова до Координаторот на советничката група на СДСМ, во врска со Ребалансот зошто гласаа Против, за исплата на надоместокот за првооделенците, советникот Зоран Стоименов, одговори дека имаат кажано зошто гласаа против Ребалансот на буџетот.

Бидејќи Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот ја затвори 13-та седница на Советот на општина Виница, која заврши во 14,40 часот.

Број 09 - 1121
22.10.2026 год.
Виница

Записничар,
Советник за подготовка
на седници на Советот
Дипл.правн.Ленче Ѓорѓиевска

Претседател на Совет на
општина Виница,
Дипл.инг.Гоце Василев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
ВИНИЦА
ОПШТИНА ВИНИЦА